Црвен крст на Република Северна Македонија

# Развојна рамка на Црвен крст на Република Северна Македонија

## „ТРАНСФОРМАЦИЈА – 28"




*Логото на пеперутка со стрелки е моќен симбол кој го претставува процесот на* ***Трансформација на Црвениот крст.*** *Пеперутката, со раширени крилја ја означува трансформацијата на процесите, додека стрелките ја претставуваат насоката и импулсот на сите планирани цели.*



*Заедно, тие го симболизираат трансформативното патување кое Црвениот крст го презеде за да ги реализира поставените цели. Ова лого не е само визуелна претстава на мисијата на Црвениот крст, туку и потсетник на* ***отпорноста и силата на човечкиот хуманитарен дух.***

# СОДРЖИНА

**I. Нашето трансформациско патување** 6

За Црвен крст на Република Северна Македонија 8

Предизвици во општественото опкружување 10

Стратегија 2030 на Црвен крст на РСМ како основа за процесот на Трансформација-28 12

**II. Типови на трансформации** 13

Културолошки трансформации 14

Организациски трансформации 15

Програмски трансформации 17

Дигитални трансформации 18

**III. Фази на процесот Трансформација-28** 19

Партиципативен процес на консултации 20

**Истражувања** 24

Анализи на состојби во државата кои се во доменот на работата на Црвениот крст 30

Подготвеност и одговор при катастрофи 31

Социјална дејност 32

Здравствено – превентивна дејност 34

**IV. Трансформациони процеси** 37

**Трансформација 1:** Трансформација на моделот на раководење и управување на Црвениот крст на РСМ 37

**Трансформација 2:** Градење на партнерства за одговор на хуманитарните предизвици 39

**Трансформација 3:** Воведување на нов модел на локално организирање 40

**Трансформација 4:** Модел за мобилизирање членство во Црвен крст на РСМ 42

**Трансформација 5:** Модел за инспирирање и мобилизирање на волонтери 44

**Трансформација 6:** Нови трендови во младинското работење 47

**Трансформација 7:** Услуги за асистенција и нега на социјално ранливи категории на население 49

**Трансформација 8:** Социјална инклузија и унапредување на еднакви можности на пазар на труд 52

**Трансформација 9:** Развој на економски активности за социјални цели 55

**Трансформација 10:** Справување со здравствени предизвици за време на епидемии и пандемии 57

**Трансформација 11:** Намалување на последици предизвикани од климатски промени 58

**Трансформација 12:** Црвен крст како референта и стручна организација за првата помош 59

**Трансформација 13:** Промоција на менталното здравје 60

**Трансформација 14:** Нов концепт за мотивација за доброволно крводарителство 62

**Трансформација 15:** Справување со растечки предизвици на полето на подготвеност и одговор при катастрофи 63

**Трансформација 16:** Трансформација 16: Воспоставување на професионална служба за безбедност на вода 65

**Трансформација 17:** Промоција на Модел за спасување и безбедност на планина 66

**Трансформација 18:** Зелена организација 66

**Трансформација 19:** Финансирање и финансиска одржливост 67

**Трансформација 20:** Системски пристап во промоција на меѓународното хуманитарно право 69

**Трансформација 21:** Промоција на хумани вредности 70

**Трансформација 22:** Планирање, мониторинг и евалуација како средства за успешен развој 71

**Трансформација 23:** Хуманитарна дипломатија 73

**Трансформација 24:** Одговор на хуманитарните предизвици поврзани со миграции 74

Мониторинг и евалуација на спроведување на процесот Трансформација-28 76

Нашите очекувања од процесот „Трансформација-28“ 77

# I. Нашето трансформациско патување





Економските состојби и предизвиците кои произлегуваат од климатските промени, катастрофите и здравствените и социјалните предизвици на голем дел од населението во Република Северна Македонија но и во глобални рамки постојано стануваат се покомплексни и влијаат врз севкупните општествени текови и добросостојбата на луѓето. Во периодот пред нас се очекуваат големи промени во начинот на кој живееме како резултат на кризите и ранливостите на населението со кои веројатно ќе се соочиме.

Со цел да одговори на овие најразлични предизвици, Црвениот крст на РСМ започнува процес на трансформации наречен Трансформација-28 за да иницираме нови иновативни и позитиви процеси и системи во нашата организацијата за да бидеме во можност подобро да се справиме со современите предизвици и да постигнеме мерливи подобрувања во ефикасноста, ефективноста и, се разбира, во задоволување на потребите на нашите корисници на услуги. Трансформација-28 претставува наша храбра амбиција која оди подалеку од постепена промена – тоа е можност да ги преиспитаме нашите деловни и оперативни модели за да испорачуваме додадена вредност. Тоа подразбира и носење стратешки одлуки кои ќе влијаат на тоа како ќе се развиваме, како ќе функционираме и какви видови подобрувања може да очекуваме во перформансите во нашето работење.

Трансформациите кои ги започнуваме не се поединечен настан. Тоа е патување кое е дизајнирано за да го постигнеме посакуваниот импакт на две нивоа – индивидуално и организациско. Да ја преиспитаме успешноста во нашето работење, да видиме како поефикасно да се натпреваруваме на различни полиња, како да станеме поагилна организација. Трансформациското патувањето едноставно треба да ни помогне да согледаме како да ја менуваме и адаптираме нашата агенда за да одговориме на континуиранaта динамика во надворешното опкружување. Очекуваме нашето трансформациско патување да ни помогне да го согледаме спектарот на можности во дефинирањето на стандарди за успешност малку поразлично од традиционалниот пејзаж со кој сме опкружени во тековното работење. Со цел овие трансформации да бидат успешни, ќе се трудиме системски да ги асимилираме гледиштата на управата, раководството, вработените и волонтерите со цел да ги интегрираме сите вредности и гледишта на нашата организација. Промените во следните пет години пред се очекуваме дека ќе ни овозможат и нов концепт на лидерството и носење одлуки на национално и локално ниво - каде што локалните заедници ќе бидат центарот на нашите промени.

Се надеваме дека процесот на трансформација ќе резултира со наша зголемена ефикасност и подобро планирање за да бидеме порелевантни во обезбедувањето на нашите услуги за најранливото население во државата. Во овој процес кој го замислуваме како динамичка рамка, активно ќе вклучиме разни општествени чинители но пред се севкупната организација на Црвениот крст на национално и локално ниво, раководната и управната структура, нашите волонтери и членови на Црвениот крст на РСМ. Нашите очекувања се процесот на трансформации да ни овозможи надградба на нашите капацитети преку одржливи решенија за подобрена функционалност и ефикасност и поширок спектар на можности за задоволување на најитните потреби и ранливи состојби работејќи во согласност со основните принципи, на транспарентен и отчетен начин.

Ги покануваме сите наши волонтери, членови, вработени и партнери да се приклучат на нашето трансформациско патување кое ќе ни отвори нови видици за реализација на нашите амбиции и ќе ни покаже нови можности како да бидеме поефикасна и поодговорна организација која обединува во духот на солидарноста и хуманоста во интерес на ранливите категории на население кои ги опслужуваме. Бидете со нас, на овој пат полн со предизвици, каде промените ќе бидат средство за успешност и каде единствено мерило ќе бидат нашите резултати, спасен живот, насмеано лице.

**д-р Саит Саити**
**Генерален секретар**

**проф. д-р Ромел Велев**
**Претседател**

# За Црвен крст на Република Северна Македонија

Црвениот крст на Република Северна Македонија е формиран на 17 март 1945 година и признат како национално друштво на Црвен крст од Меѓународниот Комитет на Црвен крст на 01.11.1995 година, додека на 27 ноември 1995 година станува полноправен член на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Црвениот крст на РСМ е најголема хуманитарна организација во Република Северна Македонија и е дел од 192 национални друштва членки на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Во своето 78 годишно постоење се залага за подобрување на животот на ранливото население преку мобилизирање на моќта на хуманоста. Црвениот крст на РСМ преку 33 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје дејствува во спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната добросостојба, обезбедување почит и достоинство на луѓето, особено во случај на вонредни состојби, промовирање на меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности и поттикнување на доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, солидарност и хуманост.

Црвен крст на РСМ дејствува, поттикнува и промовира хумани вредности за навремен одговор на современите хуманитарни предизвици. Со илјадници волонтери и членови во своите редови, дејствува како помошник на властите во државата во креирање на здраво и безбедно општество, служејќи им на граѓаните, пред се на најранливите и оние кои имаат потреба од помош. Црвениот крст на РСМ, согласно со одредбите од Женевските Конвенции игра важна улога во обезбедување на поддршка и услуги за различни целни групи на население во различни сфери на делување. Во рамки на своите надлежности и активности Црвениот крст е посебно активен на полето на подготвеност и дејствување при катастрофи и кризни состојби и надминување на последиците од вакви состојби и обезбедување поддршка за погодените заедници.

Во напорите да се одговори на потребите на различни целни групи Црвениот крст на РСМ соработува со институции и партнерски организации за превенција на болести, подобрување на здравјето и ублажување на човечкото страдање преку сопствени програми на полето на образованието и здравствената и социјална грижа за доброто на заедниците. Националното друштво спроведува итни операции за обезбедување на хуманитарна помош и други услуги за помагање на жртвите од вооружени судири согласно со Женевските конвенции. Организира активности за помош на настрадани од природни катастрофи и други вонредни ситуации. Го промовира почитувањето на меѓународното хуманитарно право, основните принципи и идеали на Движењето и ја подигнува свеста за заштита на амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Работата на националното друштво е уредена со посебен Закон за Црвениот крст на Република Македонија. Организацијата ја сочинуваат 33 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. Активностите на националното друштво се реализираат со поддршка на околу 200 вработени лица и 4.000 активни волонтери и 19.000 членови на годишна основа.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во изминатите години, постојано учи, се надградува и усовршува, што резултираше со највисокото признание на Меѓународната Федерација во 2015 година која му го додели прviот сертификат за силно национално друштво на Црвениот крст на Република Македонија за исполнување на стандарди и квалитет во работата. Истата година, Црвениот крст на РСМ го доби и признанието „Повелба на Република Македонија“, по повод 70 години од формирањето, како организација која преку реализација на многубројни хуманитарни активности во различни сфери на делување, даде посебен придонес во обезбедување на помош и поддршка на ранливото население во државата и пошироко, а со тоа и афирмација и промовирање на меѓународното хуманитарно право и хумани вредности.












#UNSTOPPABLE

# Предизвици во општественото опкружување

Во следната деценија се очекуваат многу промени во начинот на кој живееме и во видовите кризи и ранливости со кои веројатно ќе се соочиме. Новите времиња претставуваат голем предизвик за хуманитарниот сектор.  Светот околу нас се менува на сложени и меѓусебно поврзани начини што влијаат врз севкупните општествени текови, со се поголеми ризици и предизвици по населението. Се очекуваат уште поголеми демографски транзиции кои може да предизвикаат раздор и поттикнување на социјални тензии. Миграциите и движењето на население кои во континуитет се случуваат може да доведат до значителни промени во нашата социјална структура, и да преставуваат дополнителен товар врз ресурсите и социјалната кохезија, што може да резултира со  изолираност на многу заедници. Производството и новите технологиите помагаат да бидеме подобро поврзани и функционални но истовремено носат свои ризици, вклучително и некои што можеби сѐ уште не ги разбираме. Политичките и економски збиднувања исто така може да резултираат со значителни поместувања и различности споредено со традиционалните трендови  што може да доведе до неочекувани социјални промени. Но, веројатно најголемиот и најдраматичен предизвик пред нас ќе биде справување со климатските промени како резултат на деградација на животната средина, зачестеноста на катастрофите и нивното влијание врз животот на луѓето. Сите овие климатски, економски, и општествени збиднувања се очекува да доведат до потенцијално поголема ранливост на населението што ќе наложи зголемено ангажирање на хуманитарниот сектор за да одговори на современите предизвици.

Бројот на хуманитарни организации во светот како и во Република Северна Македонија е во постојан подем, предизвиците се сѐ поразлични,  ранливоста на населението е сѐ поголема што резултира со сѐ поголеми очекувања од  хуманитарниот сектор. Граѓанскиот сектор и развојните невладини организации се препознати како важни чинители за обезбедување социјален, здравствен и економски па дури и политички развој. Хуманитарните организации (меѓународни/локални/владини/невладини) во РСМ во различен обем се вклучени во активности за обезбедување на алтернативна здравствена грижа, развој на заедниците, обезбедување на социјална правда и образование како и обезбедување на хуманитарна поддршка при кризни состојби. Во најголема мера овие активности се краткорочни и фокусирани на специфични програми и проекти со ограничен временски период. Во општествено опкружување каде работат голем број на граѓански асоцијации и здруженија сѐ почесто постои натпревар помеѓу овие организации за мобилизирање фондови и волонтери за имплементација на свои хуманитарни иницијативи.

Во вакво хуманитарно и општествено опкружување, Црвениот крст на РСМ како општествено одговорна и најголема хуманитарна организација во Република Северна Македонија, во својот процес на промени наречен "Трансформација-28" ќе направи обид да одговори на комплексните состојби кои се очекуваат во следниот петгодишен период со цел да осигуриме дека она што го правиме е релевантно, фокусирано на луѓето кои имаат најголеми потреби од поддршка.

Не можеме повеќе да се држиме до старите начини на работа. Мора да се соочиме со предизвикот да бидеме целосно одговорни и транспарентни во начинот на кој ги користиме нашите ресурси. Да работиме заедно со заедниците и поединците за да бидат дел од нашите одлуки во однос на поддршката која им е потребна и начинот како да ја добијат таа поддршка. Мора да ги искористиме можностите што произлегуваат од иновациите и технологијата и придобивките од работата со нашите партнери, за да допреме до повеќе луѓе на нови начини. Мора да ги инспирираме луѓето да ја мобилизираат својата добрина за да ги поддржат луѓето во криза. Луѓето за кои работиме мора секогаш да бидат во центарот на нашата работа.

Процесот на трансформации треба да ни овозможи да ги исфрлиме во преден план нашите компаративни предности, да се осврнеме и да ги подобриме аспектите во нашето работење каде сеуште постои простор за подобрување, да направиме обид да ги отстраниме недостатоците и да ги усогласиме нашите претстојни приоритети со потребите кои ги наложува современото опкружување и потребите и очекувањата на нашите корисници на услуги и партнери. Процесот на трансформации треба да ни овозможи суштински промени во начинот на размислување и работење на национално и локално ниво, како обединета организација која постојано тежнее да биде подобра и поефикасна за да биде во можност да одговори на предизвиците на нашите корисници кои потпаѓаат во делокругот на работењето на Црвениот крст. Трансформациските промени треба да резултираат со подобрена перцепција за работата на Црвениот крст во општественото опкружување но пред се со зголемено задоволство на нашите корисници од обезбедените услуги, зголемен интерес на партнерите за финансирање, поддршка и заедничка работа со Црвениот крст.











# Стратегија 2030 на Црвен крст на РСМ како основа за процесот на Трансформација-28

Во 2020 година Црвениот крст на РСМ ја утврди нацрт Стратегијата 2030 на националното друштво врз основа на стратешката рамка на Меѓународната Федерација и детектираните развојни потреби на организацијата за претстојните десет години. Новата Стратегија е во согласност со нашите хуманитарни принципи и вредности, заснована врз долгата и единствена историја на Движењето, со заложба секогаш да излегуваме во пресрет на приоритетните потреби на ранливите целни групи, посветено, независно, непристрасно и по пат на неутрално делување.

Стратегијата утврдува насоки за делување во следната деценија кога се очекуваат многу промени во начинот на кој живееме и видовите на кризи и ранливости со кои веројатно ќе се соочиме. Стратегијата 2030 треба да ни овозможи и нов концепт на лидерството и носење одлуки на локално ниво - каде што локалните заедници ќе бидат центарот на нашите промени. Новата Стратегија треба да ни овозможи да стигнеме до маргинализираните и изолирани заедници кај што другите не можат. Тоа треба да го направиме преку зајакната доверба, транспарентно и одговорно пред заедниците, партнерите, надлежните органи, и донаторите.

Стратегијата 2030 претставува одлична основа за имплементација на процесот на промени кои се презентирани во нашиот документ “Трансформација-28” и е во согласност со севкупните заложби на нашето национално друштво да се менуваме за да бидеме поуспешен и поефикасен чинител кој ќе одговори на новите предизвици во следната декада.

Нашите трансформации претставуваат конкретна реализација на нашите стратешки приоритети, со цел, како современа организација да ги следиме трендовите, да воведеме нови практики, пристапи и модели кои ќе ни овозможат да бидеме конкурентни на хуманитарниот пазар и во нашето општествено опкружување.

Ќе се стремиме кон промени, но истовремено ќе се потпираме на остварените придобивки и резултати од нашата историја, но секогаш ќе бидеме свртени кон иднината. Ќе се обидеме да ги предвидиме и разбереме и да одиме во чекор со промените во светот кој не опкружува и постојано ќе размислуваме за тоа како да се развиваме за да одговориме на променливите потреби на целните групи кои ги опслужуваме.

**Трансформациите ќе бидат наша еволуција, а не револуција. Под лидерство на раководниот одбор, управата постепено ќе ги планира и спроведува промените за да бидеме сигурни дека можеме да продолжиме да ги поддржуваме заедниците во процесот на имплементација на нашите промени. Ќе се погрижиме промените да се засноваат на разбирање на моменталната состојба, идните потреби и придобивките што ќе ги донесат промените.**

# II. Типови на трансформации



# Културолошки трансформации

Културолошката трансформација во рамки на процесот Трансформации-28 се испреплетува во севкупните промени планирани да се спроведат во претстојниот петгодишен период.  Со неа сакаме да влијаеме на начинот на размислување на поединците и организацијата за поуспешно остварување на нашите колективните цели. Организациската култура е дефинирана преку она што го прават луѓето во организацијата и претставува збир на сите однесувања на нашите волонтери и вработени и тангира прашања поврзани со взаемната поддршка и постоење на унифициран пристап за начинот на кој вработените и волонтерите се однесуваат во организацијата и кон корисниците на услуги.

Успешната трансформација наложува целосен ангажман од управата и раководството на целата организација. Лидерите играат суштинска улога во моделирањето и воведување на посакуваното однесување што треба да проникне во организацијата. Во процесот на промени нашите лидери ќе бидат главните носителите кои ќе ги поттикнуваат културолошките трансформации со цел вработените и волонтерите да негуваат однесувања кои ќе инспирираат хармонија за долгорочен развој. За да се утврди на кој начин мнозинството во организација ја перципира моменталната културата во организацијата, во процесот на промени ќе користиме најразлични културолошки трансформативни алатки  како што се анкети, фокус групи, интервјуа, дигитални платформи, проценки и анализи. Овој процес континуирано ќе еволуира за да ја адаптираме корпоративната култура согласно со вредностите на организацијата и работата на нашето национално друштво. Процесот очекуваме да го зголеми задоволството кај вработените и волонтерите за да обезбедиме поинклузивна работна средина каде секој придонесува за градење на доверба и одговорност, поттик за поголема мотивираност и продуктивност во работата.

Културолошката трансформација ќе придонесе и за градење на средина каде ќе се промовираат различностите во реализација на споделените цели. Таа е во тесна поврзаност и наложува усогласување на нашите политики, правилници нашите процеси и однесување со цел да ги рефлектира вредностите и перцепциите на волонтерите и вработените, а крајниот резултат ќе биде сите да бидат запознати со се она за што се залагаме како организација, што е тоа што не прави поразлични од другите организации и на кој начин ќе делуваме во општественото опкружување.

Културолошката трансформација нема да значи радикални промени во нашето работење, туку едноставно ќе направиме мали прилагодувања со цел да ги оствариме зацртаните долгорочни резултати. Овој процес треба да ги зближи луѓето на нови начини преку етаблирање на нови норми и верувања кои ќе станат дел од културата на нашата организација и ќе биде дел од нашата секојдневна работа во реализацијата на нашите стратешки цели.

Оваа трансформација е особено важна за големи организации како што е нашата во која функционираат повеќе интегрални единици со различни тимови. Очекуваме дека таа ќе ни помогне подобро да ги осознаеме нашите заеднички цели и вредности и ќе не направи уште поблиски до корисниците на нашите услуги.

## Организациски трансформации

Да се биде организација со повеќе од 70 години традиција на успешно дејствување и видливи резултати говори многу за професионалноста, конзистентноста, квалитетот на услуги, угледот, довербата и уште многу други позитивни карактеристики кои овозможиле одржливост и долго постоење. Од друга страна традицијата и навиките можат да генерираат и рутина, повторување, задоволување со постигнувањата кои во одреден момент претставувале посакувано ниво, наспроти новите можности на денешницата. Со цел да се овозможи на организацијата да биде максимално ефикасна во напорите за задоволување на хуманитарните потреби на ранливите целни групи, релевантен чинител во развојот на општеството, посакуван партнер и дестинација за активен придонес и општествена одговорност на секој физички и правен субјект, неопходно е преземање на чекори за прилагодување на сопствената структура и поставеност согласно своите капацитети, актуелните потреби и можности во околината.

Подготвени сме да ја ревидираме организациската поставеност и да воспоставиме ефективен баланс на раководни и управни процеси, чекорејќи кон трансформирање на националното друштво во организација која ќе биде лидер во хуманитарното делување на локално и национално ниво. Раководните структури ќе работат на ревидирање на постојни, донесување на нови и доследна имплементација на стратегии и политики кои ќе го насочат развојниот процес во изнаоѓање на ефективни решенија согласно принципите на Движењето и мандатот кој го има Црвениот крст во нашата држава.

Од особено значење претставува донесувањето и следењето на имплементација на политики кои ќе гарантираат безбедност и заштита на интегритетот на организацијата, одговорност во носењето на одлуки, доверба кај партнерите и корисниците, усогласеност со политиките на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина како и оние во Државата.

Имајќи ја во предвид комплексноста на работењето на организацијата и постојаната појава на нови предизвици и потреби на целните групи, организацијата ќе се залага преку својата трансформација да ги поедностави работните процеси и да го зголеми квалитетот на испорачани резултати.

Централната канцеларија ќе се фокусира кон давање на насоки и создавање и развивање на услови за подобрување на перформансите. Локалните ограноци на организацијата ќе инвестираат во форми кои ќе овозможат подобра вклученост во работата на Црвениот крст преку нови пристапи во имплементацијата на активности за помош и поддршка на целните групи на население, градење на доверба, партнерства и позитивен имиџ.

Организацијата исто така ќе работи на прилагодување на својата структура со цел да се остварат подобри резултати со што помалку потрошени ресурси. Програмските активности треба да се засноваат пред се на потребите на населението и градење на здрави и безбедни заедници. За постигнување на задоволителни резултати истите треба да се прилагодат на современите трендови во технолошкиот развој, социо-економски политики, демографски поместувања, влијанија на природните појави, активности на други чинители итн.

Деловните процесите во организацијата треба да овозможат ефикасно искористување на стекнатиот капитал и постојано поттикнување на проактивно истражување на нови можности. Оттука нашите трансформации ќе бидат насочени кон надградба на капацитетите на човечките ресурси и постојано ревидирање на нормативата за да се одржува работна средина која ќе биде привлечна за стручни и високо ефикасни кадри.

Организациските трансформации ќе се насочат кон рационално искористување на ресурсите преку иницирање на локални и регионални механизми за координација и имплементација. На овој план очекуваме значително подобрување на соодносот на трошоците наспроти квалитетот и времетраењето на интервенциите кои ги преземаме.

Со оглед на природата и интензитетот на хуманитарните предизвици со кои се соочува нашата земја во последните години, заедничкото дејствување со различни чинители и развој на соработката се потребни повеќе од кога и да е. Преку воспоставена силна мрежа на интегрални единици на организацијата кои ќе бидат подготвени да одговорат на локалните потреби на населението ќе иницираме унапредување на локални партнерства за идентификување на целни групи, препознавање на можности за мобилизирање на ресурси, промоција и развој на услуги и размена на искуства, со цел градење на здраво и безбедно општество.



# Програмски трансформации

Програмските трансформации имаат за цел повторно да размислиме како нашата организација создава вредности денес, но и во иднина. Успешните програмски трансформации треба да му овозможат на Црвениот крст одржливост во функционирањето и развојот преку воведување на нови иновативни можности.

Програмските трансформации вклучуваат стратешки одлуки кои влијаат на тоа како ќе се развиваме, како функционира организацијата и какви подобрувања во перформансите може да планираме. Овие процеси ќе вклучуваат планирање и спроведување на трансформациите преку иницијативи кои ќе испорачуваат резултати согласно со потребите на целните групи.

Трансформациите ќе се спроведуваат онаму каде што има потреба од промени, односно потреба од трансформација на одредени програми. Успехот ќе зависи од тоа дали сме отворени и подготвени да се промениме, бидејќи трансформациите на нашите услуги наложуваат промени, не само во она што го работиме, туку и во начинот како работиме и како дејствуваме заедно со вработените, волонтерите и целните групи во заедниците. Ќе се стремиме програмските промени да кореспондираат на реалните потреби на целните групи со цел да ја максимализираме вредноста на нашето дејствување со оптимализирање на времето и напорот што ќе се вложува.

За да се постигне посакуваната состојба во иднина, програмските трансформации треба да бидат во согласност со актуелните состојби во државата, следејќи ги политиките во земјата, како и политиките во Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвена полумесечина. Ќе се следат и применуваат новините во државата за поддршка и  развој на соодветни услуги на локално ниво како и нови стратегии, методи и алатки во Движењето за зголемена ефективност во работењето. Со цел унифициран пристап во спроведување на програмите, во националното друштво ќе се промовираат стандардизирани пристапи и процеси кои ќе придонесат за обезбедување на поадаптивни, поефикасни и поефективни програми.

Секако трансформациите ќе наложат и промени во размислувањата и однесувањето, подобрување на перформансите во работата за остварување на посакуваното влијание, што значи дека е потребно не само да се одреди што ќе се прави со програмските промени, туку истовремено да се усвојат методологии како да се имплементираат програмите. За подобрување на перформансите во работата ќе се вложува во јакнењето на капацитетите, како и примена на соодветни алатки кои ќе овозможат успешно извршување и одржливост на резултатите.

Од аспект на одржлив развој на услуги, особено ќе се вложува во примена на нови начини и алатки на дејствување кои ќе придонесат акумулирање на ресурси кои ќе бидат ставени во функција за тековна реализација но, и можност за вложувања во проширување и воведување нови услуги. Преку континуирано градење на довербата со целните групи на население се повеќе ќе се создаваат позитивни рефлексии за организацијата да биде инспирирана и мотивирана,  да вложува во програми за подобрување на квалитетот на живеење на населението во заедниците.

# Дигитални трансформации

Дигиталната трансформација претставува процес на користење дигитални технологии за креирање нови или модифицирање на постојни деловни процеси, култура и искуства за прилагодување кон современите текови во работењето. Овие промени всушност овозможуваат интегрирање на дигиталните технологии во сите области на работење кои во целост го менуваат начинот на кој работиме и резултатите кои ги испорачуваме.

Активностите на овој план ќе ги насочиме на интегрирање на неопходна култура и технологии за поддршка на сеопфатна и сразмерна дигитална трансформација. За оваа цел подготвени сме да воспоставуваме и надградуваме партнерства со различни чинители кои ќе ни помогнат да ја надградиме нашата дигитална писменост и да изградиме и спроведуваме стандарди за дигитално испорачување на хуманитарни услуги во согласност со нашите основни принципи. Крајна цел ќе ни биде да ги зајакнеме нашите севкупни напори за обезбедување на хуманитарни услуги за крајните корисници. Во овој процес ќе инвестираме во подобрување на нашата релевантност, брз проток на информации, квалитет, достапност и издржаност на нашите хуманитарни услуги за луѓето на кои им е потребна поддршка. Исто така очекуваме дека овие трансформации ќе служат во поткрепа на нашиот хуманитарен мандат и ќе придонесат за наше поефективно користење на ресурси и отчетност.

Дигиталната трансформација исто така треба да ни овозможи усогласување на сегашните практики и деловни процеси за подобрување на перформансите во работењето, да бидеме поефективни, да учиме и да се надградуваме со нови сознанија за ранливоста на луѓето и решенија за надминување на нивните приоритетни потреби. Со дигиталната трансформација очекуваме да го подобриме начинот на работење, транспарентноста, комуникациите, да го унапредиме нашиот модел за волонтирање како и да ја зајакнеме соработката со заедниците, партнерите и донаторите.

Дигитализацијата и дигиталната трансформација ќе придонесат за севкупна оптимализација на работните процеси преку воспоставување на квалитетна ИТ структура која ќе резултира со работен континуитет, можност за надградба, намалени трошоци, флексибилност, сигурност на податоци, квалитетни софтверски решенија и развој на ИТ стратегии на националното друштво. Исто така овој процес треба да овозможи достапност, поголема интеракција и подобар квалитет на услуги. Дигитализацијата и дигиталната трансформација ќе придонесат кон подобрување на отчетноста, општите познавања и перцепции за работата на Црвениот крст како и јакнење на довербата пред јавноста, партнерите и корисниците на услуги.

**Квалитетна ИТ структура**

**Работен континуитет**

**Можност за надградба**

**Квалитетни софтверски решенија**

**Намалени трошоци**

**Флексибилност**

**Сигурност на податоци**

**Развој на ИТ стратегии на национално друштво**

# III. Фази на процесот Трансформација-28

Во почетокот на 2022 година Црвениот крст на РСМ иницираше процес на трансформации наречен Трансформација-28 кој има за цел да овозможи операционализација на стратешките заложби на организацијата согласно со усвоената Стратегија 2030 за преземање на конкретни чекори за промени во својата работа во претстојниот петгодишен период. Овие промени претставуваат израз на амбициите и заложбите на националното друштво за преземање на таргетирани активности за градење партнерства на национално и локално ниво наменети за подобрување на животот на населението во локалните заедници и за зајакнување на капацитетите на националното друштво.

Севкупниот процес на трансформации е замислен да се спроведе на три нивоа и треба да резултира со:

**Промени на локално ниво** – Воспоставување на ефикасен модел на добро-функционална општинска организација

**Промени на ниво на централна канцеларија** – Воспоставување на ефикасен модел на добро-функционална централна канцеларија

**Промени на национално ниво** – Воспоставување на ефикасен модел на добро-функционално национално друштво

Краткорочните и долгорочните активности кои ќе произлезат во рамки на процесот на трансформации пред се имаат за цел да се изгради поефективна и функционална, структурна и организациска поставеност на националното друштво која ќе овозможи поуспешно справување со предизвиците и ефикасно спроведување на оперативните програми на националното друштво.

Севкупниот процес исто така има за цел да се направи проценка и ревидирање на постојните услуги со цел да се овозможи продолжување и воведување на одржливи услуги на националното друштво кои ќе ги рефлектираат потребите на целните корисници во општественото опкружување. Процесот исто така тежнее кон подобрување на видливоста во работењето и подобрување на имиџот на Црвениот крст на РСМ во национални и меѓународни рамки.

Претстојните трансформации се замислени како партиципативен процес кој ќе се спроведува заедно со нашите партнери и соработници, но пред се со заложби и придонес на целата наша раководна и управна структура, нашите волонтери и вработени. Нашите очекувања се дека преку овој процес на промени ќе успееме да ги зајакнеме постојните партнерства и ќе воспоставиме нови се со цел поуспешно да одговориме на локалните потреби во локалните заедници кои ги опслужуваме.

Трансформациите секогаш претставуваат предизвик но се надеваме дека ќе ни овозможат да останеме во чекор со трендовите во нашето опкружување, будно следејќи ги тековните потреби на корисниците на услуги на Црвениот крст но и на некои нови категории на граѓани кои имаат потреба од поддршка која традиционално досега не ја обезбедувал Црвениот крст. На тој пат ќе ги усогласиме промените со нашите развојни приоритети во обид да бидеме иновативни, но исто така и традиционални во дел од својата работа која отсекогаш била препознатлива во работењето на Црвениот крст.

Со цел да се обезбеди успешно спроведување на трансформациите во националното друштво формирана е работна група составена од претставници од стручната служба во Централната канцеларија на Црвениот крст на РСМ која ќе го води севкупниот процес во претстојните 5 години.

**Процесот на трансформации ќе се реализира низ три фази.**




## Партиципативен процес на консултации

Примарен фокус во првата фаза од процесот „Трансформација-28" беше да се консултираат претставници на раководната и управна структура на националното друштво, волонтерската база и членството, пошироката јавност и корисниците на услуги како и партнерски организации и клучни чинители во државата со цел да се обезбедат насоки, размислувања, перцепции и препораки поврзани со мисијата на Црвениот крст во однос на развојните приоритети и заложби за претстојниот петгодишен период базирани на потребите на граѓаните на Република Северна Македонија. Во рамки на оваа фаза спроведени се низа активности за да се согледаат моменталните состојби и предизвици во работата на националното друштво, да се детектираат нови можности за соработка како основа за обезбедување на развој на организацијата и воведување на одржливи услуги и активности од интерес на целните категории на корисници на Црвениот крст.

Консултативниот процес се спроведе во рамки на организацијата (1.481 лице од редот на вработените, волонтерите и членовите), со партнерски институции и организации (432 лица), анкети со корисници и даватели на услуги (1.369 лица) и истражување на јавното мислење (1.000 испитаници) во државата за работата на Црвениот крст со вкупна опфатност на 4.282 лица.

Одржани се шест работилници со стручната служба во централната канцеларија на Црвен крст на РСМ, три регионални работилници со секретари на ООЦК/ЦКГС, 34 работилници со раководни одбори на ООЦК/ЦКГС/ЦКРСМ, 34 работилници на клубови на млади при ООЦК/ЦКГС, работилница со Совет на млади на Црвен крст на РСМ, консултативна средба со Претседателот на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски, работилници со претставници од Министерство за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, работилница со универзитетски професори, работилница со претставници на стопанските комори и корпоративниот сектор, работилници со меѓународни организации и здруженија во РСМ, работилница со претставници на медиуми, работилница со осигурителни компании, работилница со претставници на Австриски Црвен крст и работилница со Академија Солферино на Меѓународна Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина.

За потребите на процесот „Трансформација-28" беа консултирани и надворешни експерти од доменот на здравствената превенција, социјалната заштита и кризен менаџмент, кои изнесоа свои перцепции за состојби и трендови во државата и нивни предвидувања за можно вклучување на Црвениот крст во задоволување на приоритетни потреби на целни групи на корисници во претстојниот период.

Со цел да се испита задоволството на општата јавност во државата и пред се корисниците на услуги на Црвениот крст беше спроведено истражување на јавното мислење во Република Северна Македонија за работата на Црвениот крст како и две анкети со даватели на услуги во Црвениот крст и корисници на услуги на Црвениот крст.

Во продолжение даваме краток осврт на реализираните активности од оваа фаза во форма на ставови, заклучоци, согледувања, мислења и препораки од консултативниот процес кои претставуваат основа за нашите трансформации во претстојниот петгодишен период.

## Консултативен процес во рамки на Црвениот крст на РСМ

Во периодот февруари – април 2022 година во организацијата на Црвен крст на РСМ одржани се шест работилници со стручната служба во централната канцеларија на Црвен крст на РСМ, три регионални работилници со секретари на ООЦК/ЦКГС, 34 работилници со раководни одбори на ООЦК/ЦКГС/ЦКРСМ, 34 работилници на клубови на млади при ООЦК/ЦКГС, работилница со Совет на млади на Црвен крст на РСМ, со учество на вкупно 1.481 вработени, волонтери и членови.

Сите партиципиенти кои учествуваа во консултациите го поздравија процесот и иницијативите за промени истакнувајќи цврсти заложби и поткрепа на претстојните трансформациски промени. Претставниците на организацијата на Црвен крст на различни нивоа на организациска поставеност излегоа со свои индивидуални согледувања и констатации за состојбите во националното друштво кои може да претставуваат појдовна основа за претстојниот процес на промени и обезбедување на одржлив развој на организацијата.

Во однос на функционалноста и ефикасноста во работењето на националното друштво, во дискусиите, претставниците на Црвениот крст издвојуваат неколку клучни аспекти на кои треба да се посвети должно внимание во претстојниот период. Искажана е потребата за унапредување на партнерства и соработки со единиците на локална самоуправа, владините институции, невладини организации, за обезбедување на поефикасен одговор на потребите на локалните заедници. Дел од организациите истакнаа дека постои потреба од поголема фокусираност на активности кои се приоритетни за одредени локални средини согласно со локалните капацитети и достапни ресурси.

Исто така се препорачува и регионализација на одредени програмски содржини согласно со локалните потреби и можностите на општинските организации на Црвен крст. Се истакнува потребата за поголемо ангажирање на локалните структури за мобилизирање на фондови за имплементација на локални програми и проекти. Во претстојниот период, претставниците на Црвениот крст сметаат дека треба да се посвети посебно внимание на мобилизирање и задржување на волонтери и членови со акцент на обезбедување на соодветни бенефиции и модалитети за вклучување во работата на Црвениот крст. Исто така се истакнува потребата од обезбедување на континуитет и иновативност во спроведувањето на активности за подобрување на компетенциите на раководната и управната структура како предуслов за успешно и непречено функционирање на организацијата.

Во рамки на процесот на консултации во Црвениот крст претставниците на сите структури посебно ја истакнуваат потребата за унапредување на соработката со приватниот сектор и искористување на можности за имплементација на заеднички иницијативи во интерес на целните категории кои се опслужуваат на локално ниво. Посебно се истакнува потребата од вклученост на младите во креирањето на политиките и активностите на националното друштво. Општинските организации на Црвен крст посебно ја потенцираат потребата од обезбедување на соодветен број на компетентни и оспособени лица во тимовите за одговор при катастрофи и нивно опремување како предуслов за обезбедување на ефикасен одговор на растечкиот број на катастрофи и вонредни состојби како резултат на последиците од климатските промени.

За голем дел од општинските организации на Црвен крст посебен предизвик претставува прашањето на миграциите на стручни кадри и студенти кон поголемите градови и надвор од државата што директно влијае на квалитетот и постојаноста на испораката на услуги кон целните групи. Постои уверување кај сите консултирани категории на испитаници дека во претстојниот период треба да се инвестира во воведување на нови софтверски решенија кои би ја унапредиле работата на Црвениот крст согласно со новите дигитални технологии кои се дел од современото работење.

## Консултативен процес со релевантни чинители

Во рамките на консултативниот процес за обезбедување на мислења и препораки од релевантни чинители во Република Северна Македонија поврзани со претстојниот процес на промени во Црвениот крст на РСМ во периодот април - јуни 2022 година, Црвениот крст на РСМ организираше работилници со релевантни институции, организации и субјекти од општественото функционирање како и партнери од Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Работилниците претставуваа платформа за градење на нови, заеднички и посилни пристапи во работењето на Црвениот крст на РСМ и партнерите.

Одржани се работилници со:

- раководители и директори од Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување,
- претставници од меѓународни организации - УНИЦЕФ, УНХЦР, УНФПА, ЕУД и ИОМ,
- претставници од стопански комори – СКСЗМ и МАСИТ како и партнери од корпоративниот сектор (Македонски Телеком, Комерцијална банка, Алкалоид АД Скопје, Даути комерц и Везешари),
- претставници од осигурителни компании во РСМ,
- професори од високообразовни институции чиј домен на проучување е во корелација со мисијата и програмските определби на Црвен крст на РСМ,
- претставници од медиумите како релевантни партнери во градење на имиџот и репутацијата на организацијата но и дисеминирање на нашата мисија меѓу општата јавност.
- претставници од Меѓународна Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст, Австриски Црвен крст и Солферино Академија.

За време на работилниците сите учесници изразија поддршка на процесот „Трансформација-28“ и подготвеност за уште поголема соработка со Црвениот крст на РСМ во претстојниот период на промени. Со работилниците беа опфатени вкупно 432 лица. Посебен акцент во дискусиите беше ставен на изминатата соработка и задоволството на партнерите од досегашниот пристап на Црвениот крст за имплементација на заеднички иницијативи. Од дискусиите произлегоа повеќе клучни препораки.

Една од препораките беше потребата од креирање на платформа за соработка со научни институции и универзитети преку која ќе се постигне организациско и програмско јакнење на организацијата, ќе се понудат нови можности и ќе се постигнат подобри резултатите во работењето на Црвениот крст на Република Северна Македонија. Во дискусиите со претставниците на државните институции и органи посебно беше истакнато значењето од потреба на унапредување на партнерските односи во различни области од интерес имајќи ја во предвид специфичната улога на Црвениот крст на Република Северна Македонија како помагател на властите. Исто така беше поздравена иницијативата и подготвеноста на Црвениот крст во претстојниот период да го прошири опсегот на сервисни услуги и во други области од интерес како што се психо-социјална поддршка и ментално здравје, ублажување на ефектите од климатските промени, воведување на парамедици во системот на здравство и др.

Претставниците на стопанските комори и корпоративниот сектор изразија благодарност за изминатата соработка со Црвениот крст и истакнаа дека истата резултирала со реализација на повеќе успешни проекти со кои се опфатени различни целни категории на корисници. Во дискусиите поврзани со претстојните трансформации кои ги планира Црвениот крст беше истакната идеја за воспоставување на експертско тело кое ќе дефинира, креира и промовира нови корпоративни политики на организацијата со цел Црвениот крст на Република Северна Македонија да прерасне во организација – платформа за општествена одговорност на корпоративниот сектор.

Претставниците на медиумите особено го истакнаа задоволството од досегашната соработка и изразија подготвеност за понатамошни заеднички активности за навремено и точно информирање на јавноста за различни социјално-хуманитарни и здравствени активности на Црвениот крст во обезбедување одговор на хуманитарните предизвици во државата. Во дискусиите со претставниците на медиумите беше истакнато дека треба да се искористат можности за користење на нови технологии за споделување на позитивни искуства поврзани со работата на Црвениот крст како и можности за вклучување во активностите на националното друштво на локално и национално ниво.

Во серијата онлајн работилници со претставници од Меѓународна Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст, Австриски Црвен крст и Солферино Академија беше претставен процесот „Трансформација-28“ со цел да се презентираат идејните решенија поврзани со процесот на промени на Црвениот крст на РСМ во претстојниот петгодишен период. Работилниците беа добра можност да се добијат сугестии од партнерите во Движењето за различни аспекти од работењето на организацијата, идни трендови и можни области за соработка и делување на Црвениот крст како одговор на хуманитарните предизвици. Партнерите ја поздравија иницијативата на Црвениот крст на РСМ и истакнаа дека се подготвени да ја поддржат нашата организација во претстојниот период со стручни лица и финансиска поддршка на планираните трансформациски активности.

На работилницата одржана со претставници на УНИЦЕФ, УНХЦР, УНФПА, ЕУД и ИОМ се истакна партнерството со Црвениот крст како исклучително важен сегмент во работењето на овие меѓународни организации и се потврди подготвеноста за уште поголема соработка согласно мисиите и мандатот на овие организации. Споделувањето на ресурси и капацитети во иднина може да биде предуслов за уште подобри резултати и одговор на потребите на најранливите категории на население.

# Анкетни прашалници со испорачатели и корисници на услуги на Црвениот крст на РСМ

Во периодот мај – јуни 2022 година спроведени се две истражувања со испорачатели на услуги на Црвениот крст и корисници на услуги на Црвениот крст. Истражувањата се спроведени со користење на анкетни прашалници и опфатени се вкупно 1.369 лица. Цел на двете истражувања беше да се добие мислење поврзано со работата на Црвениот крст и задоволството од испорачаните и добиените услуги кои ќе послужат како основа за процесот на планирање на трансформациски промени и програмските потреби на националното друштво во претстојниот петгодишен период.

## Истражување на мислење за задоволство на даватели на услуги за работата на Црвениот крст

Истражувањето на мислењето за задоволството на даватели на услуги беше спроведено во месец мај 2022 година по електронски пат со цел да се обезбеди слика за ставовите на даватели на услуги поврзани со потребите и задоволството на корисниците, можностите за подобрување на услуги и потребите од поддршка на давателите на услуги.

**Број на прашалници по категорија на услуга**




Во истражувањето учествуваа 32 општински организации на Црвен крст на РСМ со кои беа опфатени 13 различни категории на услуги со учество на вкупно 753 испитаници. Најголем дел од испитаниците сметаат дека услугите соодветствуваат со потребите на корисниците и дека тие се многу задоволни од истите. Исто така, сметаат дека постои интерес за проширување на услугата, дека има голем или делумен интерес за поголема вклученост на обучени лица во имплементација на услугите и услугите ќе добијат на квалитет со поголема вклученост на волонтерите. Најголем дел сметаат дека националното друштво обезбедува соодветни можности за едукација за давателите на услуги.

| | |
|---|---|
| 93 % | УСЛУГАТА КОЈА ЈА ДАВААТ СООДВЕТСТВУВА СО ПОТРЕБИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ |
| 75 % | СМЕТААТ ДЕКА КОРИСНИЦИТЕ СЕ МНОГУ ЗАДОВОЛНИ ОД УСЛУГАТА ШТО ЈА ДАВААТ |
| 80 % | ПОСТОИ ИНТЕРЕС ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА УСЛУГАТА (ПО БР. НА КОРИСНИЦИ ИЛИ ТЕРИТОРИЈА) |
| 66 % | ПОСТОИ ИНТЕРЕС ЗА ПОГОЛЕМА ВКЛУЧЕНОСТ НА ЛИЦА ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УСЛУГАТА |
| 72 % | УСЛУГАТА ЌЕ ДОБИЕ НА КВАЛИТЕТ СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ ЗА ПОДДРШКА НА ИСТАТА |
| 74 % | НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ОБЕЗБЕДУВА СООДВЕТНИ МОЖНОСТИ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА СЕРВИСНИ УСЛУГИ |

Што се однесува до потребите кои ги воочиле кај корисниците но и во предлозите за унапредување на услугите како и во предлозите за воведување нови услуги и програми, се изразува потреба од почести обуки за давателите на услуги (но и за корисниците), зголемен број на часови за грижа на корисниците, проширување на услугите или темите на истите (најмногу во дополнителни медицински услуги, а особено психо-социјална поддршка), подобро мапирање на корисниците, потреба од возило за транспорт на корисници, нови начини на давање на услуга, методи на спроведување на едукации или ревидирање на наставата, подобра промоција на сервисите, кампањи за подигање на свеста на општото население, поголема вклученост и поддршка од институциите и компаниите, потреба од почесто обезбедување на помош за корисниците како и потреба од активности за социјализација на корисниците.

## Истражување за мислење и задоволство на корисници на услуги за работата на Црвениот крст

Црвен крст на РСМ спроведе истражување со 616 корисници на услуги на Црвениот крст во 10 различни категории. Резултатите од истражувањето покажуваат дека испитаниците - корисници на услугите се задоволни од услугите кои ги нуди Црвен крст на РСМ, истите се соодветствуваат со нивните потреби и барања. Поврзано со односот, соработката и комуникацијата со Црвениот крст на РСМ, најголем дел од испитаниците се изјаснуваат дека се задоволни.

**Број на прашалници по категорија на услуга**




Видно од анализата на одговорите на испитаниците за споделување на предлози за креирање нови услуги и унапредување на постојните, може да се заклучи дека корисниците имаат потреба од унапредување на услугите кои ги нуди Црвениот крст. Конкретно, испитаниците се изјасниле дека имаат потреба од поголема вклученост на волонтерите, зголемен број на активности, воведување обуки на разни превентивни теми, ангажман на стручни лица како медицински персонал, правници, психолози и севкупно зачестување на услугите.

**80 %** СЕ МНОГУ ЗАДОВОЛНИ ОД УСЛУГИТЕ

**88 %** СМЕТААТ ДЕКА УСЛУГАТА ШТО ЈА НУДИ ЦКРСМ ОДГОВАРА НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ И БАРАЊА

**85 %** СЕ МНОГУ ЗАДОВОЛНИ ОД ОДНОСОТ, СОРАБОТКАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЦКРСМ

# Истражување на јавно мислење за работата на Црвениот крст на РСМ

Во текот на месеците октомври и ноември 2022 година се спроведе истражување на јавно мислење за перцепцијата на граѓаните за Црвениот крст на РСМ и неговите активности. Истражувањето опфати 1.000 испитаници на возраст од 18+ од различни националности. Целта на истражувањето беше да се испита степенот на препознавање на активностите и услугите кои ги имплементира Црвениот крст, задоволството од квалитетот и релевантноста на активностите за поддршка на најранливите категории на население, како и информираноста на населението за можностите за поддршка и волонтирање во организацијата.

- ***Демографски податоци***




Истражувањето покажа дека повеќе од половина испитаници (51,2%) спонтано го истакнуваат Црвениот крст како првоспомената хуманитарна организација која е активна во нивните средини. Црвениот Крст на РСМ е најмногу препознатлив преку активности како што се: крводарителството (96%), хуманитарната помош (92%), волонтерски активности (83%), помош и поддршка при кризни состојби и катастрофи, прва помош, нега и помош на стари лица и ранливи категории, работа со млади, лична асистенција на лица со попреченост итн. Во највисок процент граѓаните се согласуваат со мислењето дека Црвениот крст на РСМ е организација која е посветена на давање помош на оние на кои најмногу им е потребна, во која што може да членува секој, која реагира навремено кога е потребно, која е неутрална/непристрасна, невладина и транспарентна, и на која секој може да се потпре.

## • *Препознатливост на Црвениот крст преку активности*




Скоро две третини (64%) изјавуваат дека би ја поддржале организацијата Црвен Крст на РСМ меѓу кои во нешто повисок процент (27%) би бил со донации на алишта, храна и/или средства за хигиена; 26% би ја подржале со парични средства а 24% преку волонтирање; 4% каде има потреба во граници на можностите, а 2% со крводарителство. 13% од сите испитаници се изјаснуваат дека би се зачлениле во Црвениот крст.

**Досегашна вклученост како волонтер во Црвениот крст РСМ**




**Причини за досегашно не вклучување во активностите на Црвениот крст на РСМ**









Три четвртини (74%) од испитаниците кои примаат/иле помош се задоволни од квалитетот на услугите и помошта а само 4% дека воопшто не се задоволни. Три четвртини (77%) се изјаснуваат дека Црвениот крст придонесува во задоволување на потребите на најранливите категории. Најчести предлози од испитаниците кон Црвениот крст се наведуваат: повеќе помош на ранливи категории, поголема присутност низ сите општини, психолошка поддршка, поголема едукација и вклученост на младите, отворање повеќе народни кујни, отворање на повеќе пунктови, активности во здравствена заштита, афирмација во училишта и активности за зачувување на животна средина. Начинот на кој би се подобрило работењето на Црвениот крст на РСМ испитаниците сметаат дека би било со: зголемена активност низ сите општини и во селата, помош на оние на кои навистина им треба, поголема промоција/информации во медиумите за активностите, поголема едукација и вклученост на младите, активности за мобилизирање на повеќе донации и донатори, да се отворат повеќе пунктови за хуманитарна помош итн.

Одговорите добиени од целокупното истражување на јавното мислење за работата на Црвениот крст претставуваат основа за понатамошно ориентирање на развојот на организацијата согласно очекувањата на потенцијалните целни групи како и согледување на задоволството и подготвеноста за поддршка на активностите на Црвениот крст од населението во РСМ.

# Анализи на состојби во државата кои се во доменот на работата на Црвениот крст

Развојните процеси и трансформации во Црвениот крст се тесно поврзани со актуелните состојби во општественото опкружување и предвидувањата во однос на потребите кои се очекува дека ќе произлезат во неколку клучни сектори кои се во корелација со потребите на целните категории на население кои ги опслужува или би можел да ги опслужува Црвениот крст во претстојниот период.  За таа цел во рамки на подготовките на документот Трансформација-28 Црвениот крст на РСМ побара од неколку стручни и еминентни професори да дадат свои видувања во однос на состојбите и приоритетите во државата на полето на здравството, социјалата и кризниот менаџмент како и можностите за вклучување на Црвениот крст со свои активности како придонес во подобрување на состојбите во овие области во претстојниот петгодишен период.

Примарна цел на овие анализи беше да се искористат мислењата на експертите во детектирање на потенцијални области кои ќе се поврзат со развојните промени кои ќе ги имплементира Црвениот крст на РСМ во периодот до 2028 година се со цел развојните процеси да бидат суштински и тесно поврзани со очекуваните промени во општественото опкружување и импактот и вистинските потреби на населението кои ќе произлезат како резултат на новите општествени текови.

Процесот на консултации се реализираше со следниве експерти:

- Проф. д-р Раде Рајковчевски, Факултет за Безбедност - Скопје
- Проф. д-р Сунчица Димитријоска, Филозофски Факултет - Скопје
- Проф. д-р Моме Спасовски, Медицински Факултет – Скопје

При консултациите, еминентните професори се произнесоа со свои согледувања поврзани со моменталните состојби во државата и нивни предвидувања во однос на развојот на настаните во областите од нивниот домен на работа како и нивни видувања околу можностите за ангажирање на Црвениот крст во претстојниот период базирано на нивните предвидувања околу приоритетните потреби на населението во периодот до 2028 година, кои накратко ви ги прикажуваме во продолжение на документот. Овие согледувања, во корелација со проценките на стручната служба и раководството на Црвениот крст се искористени во процесот на дефинирање на трансформациските процеси кои треба да го зацртаат патот на развојните промени на организацијата во претстојниот петгодишен период.

# Подготвеност и одговор при катастрофи

## Анализа на проф. д-р Раде Рајковчевски, Факултет за Безбедност - Скопје

Во својата анализа на состојбите во Република Северна Македонија проф. д-р Раде Рајковчевски пред се дава осврт на улогата и местото на клучните институции во државата задолжени за прашања поврзани со системите за заштита и спасување, односно управување со кризи. Претставени се улогата и задачите на Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), Центарот за управување со кризи (ЦУК), единиците на локалната самоуправа  како и улогата на Црвениот крст на РСМ врз основ на Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи и Законот за Црвениот крст на Република Македонија кој потесно ја уредува работата на Црвениот крст.

Во своите согледувања професорот Рајковчевски го истакнува значењето на сите институции во државата во справувањето со кризите и вонредните состојби во изминатиот период и дава препораки базирани на моменталните состојби и предвидувања за претстојниот период со цел да се обезбеди уште поефикасен систем за подготвеност и одговор при катастрофи и кризни состојби. Како волонтер на Црвениот крст професорот Рајкочевски посебно место во својата анализа издвојува на препораки кои се однесуваат на редефинирање на улогата на Црвениот крст во системот за кризен менаџмент во државата како и преструктуирање на системот за одговор при катастрофи на Црвениот крст на РСМ со цел организацијата поуспешно да ја врши комплементарната помошна улога на властите во државата во услови на катастрофи и кризи согласно со својот мандат и капацитети кои ги има на располагање на Црвениот крст на РСМ.

Професорот  Рајкочевски  смета дека катастрофите како резултат на екстремните временски прилики и нарушувања на климата / животната средина ќе бидат се почести но фреквентноста на катастрофите ќе се зголеми и заради геополитичките и економски фактори кои придонесуваат за појавата на хуманитарни кризи. Катастрофите се повеќе влијаат врз развојот на општеството а бројот на засегнатите лица и економските загуби сè повеќе се зголемуваат. Во таа насока во анализата се истакнува дека Црвениот крст своето внимание во претстојниот период треба да го насочува се повеќе на преземање активности за намалување на ризиците од катастрофи. Токму затоа еден од приоритетите за организацијата во претстојниот период треба да биде редефинирање на улогата на организацијата во системите за управување со кризи и заштита и спасување во државата согласно со овластувањата, одговорностите и капацитетите на националното друштво со цел да биде во можност да обезбедува ефикасна подготвеност, одговор и опоравување од катастрофи како водечка организација во земјата која обезбедува услуги за погодено население од природни катастрофи и други хуманитарни кризни состојби.

Во својата анализа професорот Рајкочевски го истакнува значењето на технолошкиот напредок и повикува на поефикасно користење на новите технолошки достигнувања и иновациите за предвидување на ризиците и катастрофите и обезбедување на проактивно, рано делување. Исто така се потенцира значењето на етаблирање на ефикасен систем за прибирање и организирано испраќањето на хуманитарна помош при катастрофи во други држави, како и градење на стокови резерви каде Црвениот крст на РСМ ќе ја има водечката улога.

# Социјална дејност

## Проф. д–р Сунчица Димитријоска, Филозофски Факултет - Скопје

Анализата на состојбите во Република Северна Македонија професорката Димитријоска ја фокусира на спроведувањето на активности од областа на социјална заштита поврзани со почитување на принципот на плурализација, каде што, освен државата, здруженијата на граѓани, приватните и физичките лица и други непрофитни организации даваат одредени услуги на лица кои се наоѓаат во социјален ризик, создаваат услови за искористување на сите ресурси и потенцијали кои може да се мобилизираат за задоволување на социјалните потреби, при што се прави позитивна општествена промена.

Во анализата е исто така претставена и Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во која главна стратешка цел е намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, преку подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите на живот, за работа и општествените услови на сите граѓани, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развиток на механизмите за социјално вклучување на ранливите категории граѓани во локален контекст. Услугите од областа на социјалната заштита во нашата земја бараат постојано приспособување и адаптирање, како на потребите на корисниците, така и на реалните можности на системот и на државата да ги остварува овие политики. Со Законот за локална самоуправа се воведе децентрализација на дел од социјалните услугите (вонинституционални форми на заштита – дневни центри) и домови за стари лица од државно на локално ниво. Процесот на деинституционализација се реализира во согласност со Националната стратегија за деинституционализација на системот на социјалната заштита во Република Северна Македонија.

Во анализата се презентираат статистички податоци на Државниот завод за статистика, според кои во 2020 година 455.600 лица во Северна Македонија живеат во тешки услови, што е 21,9% од вкупното население. Најпогодени се повеќечлените семејства. Анализирано според полот, жените се многу повеќе погодени од мажите, па така во сиромаштија живеат 22,5% жени и 21,4% мажи. Пандемијата со КОВИД 19 за жал насекаде во светот, па и во нашата земја негативно се рефлектира и придонесе за зголемување на сиромаштијата. Кризата предизвикана од ширењето на коронавирусот примарно се рефлектираше на населението пред се во однос на губење на работни места што резултира со зголемување на невработеноста. Светската банка во мај 2020 година објави дека над 55.000 луѓе во РС Македонија може да западнат во сиромаштија. Според нивните прогнози ќе се зголеми и бројот на сиромашни вработени за два до три пати. Сиромаштијата ќе се врати на нивото од пред 2017 година, па дури и од пред 2015 година.

Старата популација, односно ризиците што ги предизвикува староста, во согласност со извештајот упатен до Европската унија, укажува дека повеќе од 70.000 (или 31,1%) од лицата над 65 години не се корисници на пензиските бенефиции, а само мал дел од нив користат постојана парична помош. Посебно загрозени се стари лица  без семејна грижа. Овие групи не можат соодветно да партиципираат во политичкиот, економскиот, културниот и социјалниот живот. Домовите за стари лица, кои претходно работеа како трговски друштва согласно законските измени се лиценцираа како установи за социјална заштита на стари лица.

Со тоа покрај четирите домови за институционално сместување на стари лица, националните капацитети во моментот се зголемени и во земјата функционираат и приватни установи за социјална заштита на стари лица. Со овој чекор на Министерството за труд и социјална политика, се зголемија националните капацитети на државата за сместување на стари лица, а истовремено се започна со гарантирање на минимум стандарди во институционалните капацитети за сместување на стари лица.

Новолиценцираните приватни установи за социјална заштита се со помали капацитети отколку постоечките масовни институции, со што е добиен поголем степен на хуманизација на условите за живот на старите лица.

Како и во други земји, во Република Северна Македонија нема точни податоци за лицата бездомници. За оваа целна група донесена е посебна стратегија за нивна социјална инклузија. Нови форми на вонинституционална заштита се мали групни домови, прифатни центри, советодавни центри за родители и деца и самостојно живеење со поддршка. Во Република Северна Македонија отворен е пункт за бездомници кој функционира преку Црвен крст на град Скопје преку кој во текот на целата година се испорачуваат соодветни услуги: лекарски прегледи, психо-социјална поддршка, правна помош, можност да извршат хигиенски потреби, фризерски услуги, да добијат чиста облека, како и топол оброк. Исто така ставени се на располагање и пунктови за бездомни лица кои функционираат преку општинските организации на Црвен крст Струмица и Битола. Покрај постојните услуги кои ги обезбедува Црвениот крст, потребни се идни вложувања за развој на нови форми на поддршка на бездомните лица како што е привремено згрижување 24/7, до нивно повторно интегрирање во општеството. Исто така недостасува континуирана едукација на бездомниците со цел јакнење на нивните лични вештини, како и нудење на работна окупација на бездомните лица.

Создавање на услови за искористување на сите ресурси и потенцијали кои може да се мобилизираат за **задоволување на социјалните потреби.**

Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, преку **подобро користење и зајакнување** на расположливите човечки и материјални ресурси.

**Децентрализација** на дел од социјалните услугите (вонистуционални форми на заштита – дневни центри) и домови за стари лица од државно на локално ниво.

Донесена е посебна стратегија за **социјална инклузија**. Нови форми на вонинституционална заштита се мали групни домови, прифатни центри, советодавни центри за родители и деца и самостојно живеење со поддршка.

# Здравствено – превентивна дејност

## Анализа на проф. д-р Моме Спасовски, Медицински Факултет - Скопје

Во анализата на состојбите во доменот на здравството во Република Северна Македонија проф. д-р Моме Спасовски истакнува дека хуманитарниот одговор при итни и кризни состојби се базира на јавно-здравствен пристап кој цели кон проценка на големината на проблемот, минимизирање на сериозните последици од состојбата преку директно вклучување со ефективни интервенции насочени кон целната популација, а особено ранливи популациски групи. Притоа истакнува дека различните популациски групи имаат различни потреби кои зависат од возраста, местото на живеење, социо-економскиот статус, културолошки аспекти.

Како најголемите предизвици во однос на здравјето на луѓето се потенцираат превенцијата на хронични незаразни болести како што се кардиоваскуларните заболувања, малигните неоплазми, проблемите со менталното здравје, дијабетот, хроничните респираторни заболувања, оралните заболувања и мускулно-скелетните заболувања. Водечки ризик фактори кои придонесуваат за настанување на хроничните незаразни болести се високиот крвен притисок, прекумерната телесна тежина, алкохолот, високиот холестерол, загадената животна средина, физичката неактивност, и нискиот внес на овошје и зеленчук. Во Р.С. Македонија водечки причини за смрт се болестите на срце и крвни садови (58,4%), малигни неоплазми (17,5%). Циркулаторните заболувања се водечки фактор на смртност во последните 50 години во РСМ. Хроничните опструктивни белодробни заболувања се едни од главните причини за хроничен морбидитет, губење на квалитет на живот и морталитет.

Во однос на справувањето со овие предизвици на ова поле, професорот Спасовски истакнува дека постои простор за активно вклучување на Црвениот крст пред се во однос на преземање активности за намалување на факторите на ризик и нивните детерминанти, промоција на здравјето, информирање и споделување знаења, обезбедување поддршка за само-помош и промоција физички активности, притоа ставајќи акцент на создавање на активни општества, активни луѓе и активни средини и креирање активни системи. Тој истакнува дека Црвениот крст може да игра активна улога преку спроведување на кампањи и запознавање на општеството со програми за подигање на свеста, знаења и разбирање и придобивките од редовна физичка активност, особено одење, возење велосипед или друга форма на мобилност со што ќе се даде активен придонес во подобрување на здравјето на луѓето. Исто така препорачува спроведување иницијативи за изградба на нови, безбедни простории за спроведување на разни физички активности и игри во градски и рурални средини одделени од сообраќај и друга опасност. Овие активности Црвениот крст би можел да ги реализира во партнерство со институциите кои се задолжени за реализација на програмите за промоција на здравје и превенција на болести кои секоја година се донесуваат согласно со стратешките цели од Министерството за здравство.




Професорот Спасовски особено се осврнува на промоцијата на менталното здравје и вклученост на Црвениот крст во **три клучни области:**

**Промоција на ментално здравје кај деца и млади** - поради големиот процент на адолесценти кои имаат нарушување на менталното здравје, а особено бихевиоралните, анксиозните и депресивните растројства, шизофренија и биполарни растројства кои резултираат во нарушен развој, прекинато образование и висока стапка на инвалидитет, потребно е превентивно и инклузивно делување на ниво на предучилишна и училишна возраст со цел инклузија на деца со разни видови на попреченост и хиперактивност во образовниот процес, рана превенција и интервенција во кризни ситуации и превенција на насилство и суицидалност кај децата и младите.

**Позитивно родителство** - едно од најважните заштитни фактори за менталното и физичкото здравје на децата. Професорот Спасовски ја истакнува потребата од организирање обуки за родителски вештини и дисциплинирање на детето преку кои ќе се придонесе за намалување на бихевиоралните нарушувања на децата.

**Ментално здравје на жени и мајки** - преваленцата на депресија и анксиозност кај жените е повисока во однос на машката популација во сооднос 5:1 за депресијата и 2:1 во однос на анксиозните нарушувања. Во Р.С. Македонија не се поставени сервиси кои се фокусираат на подобрување на менталното здравје кај жените. Како потребни активности во оваа сфера професорот ги издвојува следење на факторите на ризик за одредени ментални заболувања при третман на жените, развивање едукативни и превентивни програми специфични за пери и пост наталниот период, развивање на промотивно-превентивни програми насочени кон женската популација, особено за млади мајки. Во овие активности Црвениот крст би можел да се вклучи преку партнерство и соработка со Здравствениот дом – Скопје, центрите за ментално здравје и центрите за деца и мајки, преку своите волонтери како поддршка во школите за родителство, а секако и со здравствените домови низ државата и поттикнување на иницијатива за отворање на нови школи со цел едукација на идните родители.



# IV. Трансформациски процеси

## Трансформација 1: Трансформација на моделот на раководење и управување на Црвениот крст на Република Северна Македонија

Раководната и управната структура ги претставуваат двата столба на водење на организацијата кои ги обединуваат надлежностите и одговорностите на членовите, волонтерите и вработените во однос на реализација на целите на Црвениот крст на РСМ. Работата на раководната и управната структура на организацијата се темели на нормативната рамка, политиките и стратешките определби на организацијата. Воспоставениот систем на раководење и управување во нашата организација се темели на статутарните норми на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина карактеризиран со спецификите и традицијата кои ја одликуваат работата на Црвениот крст на РСМ во изминатите 78 години.

Во раководната структура на национално и локално ниво членовите избираат компетентни лица со соодветни квалификации и капацитети, од различни ентитети, струки-области на работа, политички определби и верувања, со познавање на организацијата и посветеност за реализација на активностите на националното друштво, кои раководат со организацијата во доверен мандатен период. Во неа спаѓаат Собрание, Раководен одбор, Претседател и Потпретседател, како и комисии и советодавни тела. Управната структура ја претставуваат вработените во организацијата со кои управува Генерален секретар на ниво на Централна канцеларија, односно Секретари на ниво Црвен крст на град Скопје и Општински организации на Црвен крст. Таа е одговорна за реализацијата на донесените стратешки и програмски определби во организацијата.

Во обид да бидеме уште поуспешна организација која веќе е препознат лидер во хуманитарниот сектор во државата, во претстојниот период подготвени сме да инвестираме во нов модел на раководење и управување кој ќе ни понуди нови можности за ефикасна трансформација и искористување на потенцијалот, капацитетите, знаењата и искуствата на нашите членови, волонтери и вработени.

Изборот на лица во раководните структури во организацијата на Црвениот крст се заснова на воспоставен делегатски систем за учество на членовите во основните организации, општинските организации, Црвен крст на град Скопје и Црвен крст на РСМ. Во однос на изборниот модел ќе се залагаме за отворено учество во раководната структура кое ќе се заснова на избор по апликација и утврдени критериуми не ограничувајќи го изборот по основ на основната организација од која доаѓа членот, туку ќе тежнееме кон квалитет и компетенции на членовите кои се кандидираат да бидат дел од раководната структура.

Ќе промовираме потесна вклученост на раководната структура во следење на состојбите и резултатите на општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје со цел да обезбедиме партиципативност, адвокативност и индивидуален придонес и одговорности за следење на актуелните состојби во организацијата.

Ќе промовираме одговорно работење во однос на носење и почитување на норми и стандарди за грижата за морал, етика и добросостојба на сите човечки ресурси во организацијата на Црвениот крст како и финалните корисници.

Ќе разработуваме решенија кои ќе ни овозможат формирање на помошни тела од стручни лица кои со својата експертиза ќе можат да придонесат во подобрување на работата на Црвениот крст. Посебно внимание ќе посветиме на вклучување на универзитетски професори и лица со посебни достигнувања во науката кои ќе придонесат во поврзување на работењето на Црвениот крст и начинот на имплементацијата на програмските активности со актуелните трендови и научни достигнувања со што директно ќе се влијае на квалитетот на испораката на услуги кон корисниците. На локално и национално ниво ќе поттикнуваме вклучување на претставници од корпоративниот сектор чија првенствена улога ќе биде подобрување на пристапот и промовирањето на иницијативи за соработка имајќи ги во предвид политиките на компаниите за општествена одговорност.

Во работата на раководните тела сакаме да овозможиме и учество на истакнати надворешни поединци кои што се влијателни во општеството или заедницата во рамки на својата струка или занимање како што се пензионирани политичари, спортисти, новинари, здравствени работници, уметници и сл., кои ќе го промовираат Црвениот крст и ќе обезбедуваат соодветна стручна поддршка за функционирање на раководните и помошните тела на организацијата.

Во трансформацискиот процес посебен акцент ќе ставиме на унапредување на работните процеси на управната структура преку воведување на систематизирани решенија кои ќе придонесат за подобрување на перформансите во работата, надградба на компетенциите на службите, воспоставување на стандарди за мотивирање, вреднување и наградување, евалуација на остварувања и унапредување на контролните механизми.



# Трансформација 2: Градење на партнерства за одговор на хуманитарните предизвици

Мисијата на Црвениот крст на Република Северна Македонија се потпира врз градење и развивање партнерски односи со компонентите на Движењето на ЦК и ЦП, државните институции, приватниот сектор и други организации, со цел да се обезбеди сеопфатна поддршка за лицата на кои им е потребна помош. Партнерската соработка пред се нуди различни можности за спроведување на заеднички иницијативи, одговор на приоритетни потреби на различни целни групи, создавање на заеднички вредности, споделување и надградба на ресурси и капацитети. Како резултат на еволуцијата на кризите, природните и оние предизвикани од човекот, комплексноста на итните состојби, како и зачестената појава на нови ранливи категории на население во секојдневието, Црвениот крст на РСМ постојано е исправен пред предизвикот за ефективно мобилизирање на поддршка за одговор на потребите на погоденото население. За таа цел нашата организација во континуитет работи на промовирање на иновативни стратешки партнерства кои нудат нови решенија и поддршка за растечкиот број на хуманитарни предизвици во државата.

Одговорот на Црвениот крст на хуманитарните предизвици во нашата земја во изминатите години бележи успешни приказни на мобилизирање на хуманитарна помош и поддршка за најранливите категории на население, што не прави препознатлив партнер на државата особено во време на кризни состојби и катастрофи. Исто така подготвени сме да инвестираме во нови содржини преку кои ќе бидеме препознати како одговорен партнер за спроведување на различни иницијативи согласно со политиките и законските решенија во државата кои овозможуваат воведување и реализирање на сервиси и услуги од општествено значење за задоволување на потребите на различни целни групи.

Ќе се залагаме хуманитарните акции и помош во соработка со партнерите да претставуваат пред се одржлива поддршка која ќе придонесе за градење на капацитетите на заедниците. Акцентот ќе го ставиме на промена на постојните навики во локално дејствување преку промовирање на добри примери и понуда на услуги кои ќе ги зајакнат капацитетите на заедниците, за задоволување на потребите на ранливото население во согласност со политиките на властите и корпоративниот сектор за општествено одговорно однесување.

Со своите партнери од државниот и приватниот сектор, Црвениот крст на РСМ ќе развива и промовира успешни практики како одговор на новите хуманитарни предизвици со цел да обезбедиме проактивно однесување за антиципација, подготвеност и заштита. Филантропијата и алтруизмот ќе бидат основни постулати на кои ќе се заснова развојот на партнерствата во насока на градење на здраво и безбедно општество.

Ќе ја промовираме нашата соработка со корпоративниот сектор и други партнери како можност за обезбедување повратен бенефит, видливо нагласувајќи ја општествената одговорност и позитивниот публицитет, соработка заснована кон заеднички цели, размена на експертиза и знаења, зајакната мотивација на човечките ресурси и подобрена репутација кон своите корисници.

Свесни сме дека најефективните и одржливи решенија се оние кои се локално водени и ја ставаат заедницата во центарот на активностите, а притоа се користат ресурси преку флексибилни долгорочни и одржливи партнерства. Подготвени сме да поткрепуваме и промовираме локални партнерства на локалните организации на Црвен крст кои ќе се фокусираат на потребите и интересите на локалните заедници каде што делуваат.

Ќе се залагаме за пошироко препознавање и споделување на позитивни практики, искористување на комплементарноста, средствата, мрежите и вештините, мобилизирање на ресурси, водење на иновации и тестирање на нови бизнис модели и решенија.

# Трансформација 3: Воведување на нов модел на локално организирање

Организирањето на работата во локални организации на Црвен крст е цврсто втемелено во традицијата на Меѓународното Движење на ЦК и ЦП. Овие организациски интегрални единици постојат во сите национални друштва и имаат голема улога во локалниот живот. Во светот овие локални организации се на различен начин организирани бидејќи се адаптираат според својата функционалност согласно со локалниот контекст и потребите на населението. Она што им е заедничко на сите нив е дека се непосредните фокални точки каде ја организираме работата на волонтерите и членовите, каде што соработуваме со локалните заедници за да ги детектираме специфичните потреби на луѓето, место каде ги мобилизираме финансиските ресурси и каде обезбедуваме низа социјално хуманитарни и здравствено превентивни активности. Исто така преку локалните организации помагаме за време на кризи и кризни состојби,  ги промовираме нашите основни принципи и оствауруваме соработка со властите, институциите и други чинители.

Црвениот крст на РСМ има 33 општински организации и Црвен крст на град Скопје преку кои ја организира својата работа во локалните заедници. Во својот трансформациски процес Црвениот крст на РСМ ќе работи на развивање на нов модел на локално организирање каде што интегралните единици на националното друштво ќе бидат место каде што нашите членови, волонтери и вработени, покрај нивната вклученост во имплементација на активностите ќе бидат носители на позитивни промени во организацијата кои ќе придонесат да бидеме уште поуспешни. Нашата интенција е да создадеме  силни локални организации на Црвен крст обединети во силно национално друштво кое ќе продолжи да биде водечки хуманитарен чинител на локално и национално ниво.

Во новиот модел ќе промовираме размена на позитивни искуства и научени лекции помеѓу локални организации на Црвен крст како ефикасен и честопати поефективен начин од традиционалните форми и пристапи на учење. Ќе разгледуваме нови можности и алтернативи наспроти традиционалниот модел на општинска организација со цел да ја ревитализираме нашата членска и волонтерска база. Особено ќе ги имаме во предвид современите форми на физичко или виртуелно волонтерско организирање со цел да обезбедиме дополнителни можности за учество на луѓето во активностите на Црвениот крст.

Подготвени сме да разгледаме можности да отстапиме од традиционалното видување за тоа што претставуваат општините наспроти што може да бидат тие. Ќе разгледуваме нови форми да го зголемиме учеството во нашата организација наместо постојниот модел кој се потпира на структурно организирање.

Ќе поткрепуваме ангажман според потребите отстапувајќи од традиционалниот институционален модел. Нашата цел е локалните организации да бидат креативни места кои ќе ги поврзуваат луѓето согласно со нивните лични интереси и потребите на целните групи. Ќе промовираме пристапи каде што локалните организации на Црвен крст ќе бидат платформи преку кои луѓето ќе имаат можност да прават промени во општественото опкружување на начини кои се доследни со нашите принципи и вредности. Наша цел ќе биде да промовираме персонализиран / индивидуален развој преку балансирани пристапи кои ќе ни овозможат соодветно таргетирање на услугите кои ги обезбедуваат локалните организации на Црвен крст за целните групи согласно со можностите за мобилизирање на фондови, степенот на развој, локалните потреби и достапните капацитети.

Евидентно е дека не сите локални организации го остваруваат посакуваниот напредок и честопати се потпираат на поддршката на Централната канцеларија. Ова се должи на намалениот број на членови и волонтери, ограничен број на активности, намалена локална поддршка, недостаток на фокус на локални потреби и неефикасен начин на работење. Посебен акцент ќе ставиме на дефинирање на капацитетите и можностите на секоја локална организација на Црвен крст за да обезбедиме соодветна развојна поддршка во претстојниот период. Во новиот модел на локално организирање, развојните приоритети и активностите на локалните организации ќе ги утврдуваме и категоризираме согласно со контекстот каде што работат, потребите на целните групи, капацитетот на организациите, желбата за развој и можностите за мобилизирање на финансиски ресурси со цел ефективно да ги користиме достапните ресурси. Ќе промовираме автономност во делувањето, но ќе се залагаме и за доследна контрола и отчетност преку јасно утврдени стандарди за следење на перформансите во работењето. Во моделот исто така очекуваме дека локалните организации ќе препознаат можности да бидат иницијатори за позитивни промени во национални рамки.

Посебно внимание ќе посветиме на развој на лидерските капацитети на локално ниво како носители на трансформацискиот процес во локалното опкружување. Меѓусебното поврзување на локалните организации на Црвен крст како и со други чинители ќе биде исто така еден од нашите приоритети за да ги искористиме сите можности за споделување знаења, справување со предизвици, создавање нови идеи и можности и мобилизирање на ресурси.

Ќе инвестираме во форми на брза транзиција кон дигитална работа со цел да обезбедиме поголема поврзаност во нашата мрежа поткрепена со нови технологии. На тој начин ќе обезбедиме поголеми можности за учење и споделување на знаење и поддршка на развојот на интегралните единици.



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Процена и дефинирање на капацитетите и можностите на секоја локална организација на Црвен крст | Дизајнирање на модел на локално организирање и поставеност | Промовирање персонализиран / индивидуален развој на ООЦК | Размена на позитивни искуства и научени лекции помеѓу локални организации на Црвен крст | Подготовка на нормативна рамка |

# Трансформација 4: Модел за мобилизирање членство во Црвен крст на РСМ

Членската база на Црвениот крст е клучен показател за јавната поддршка која ја ужива организацијата во општеството. Голем дел од членовите се исто така волонтери кои ги спроведуваат нашите активности во локалните заедници. Токму затоа еден од клучните приоритети на нашата организација е обезбедување на поголем број на членови со цел да обезбедиме сеопфатна поддршка за нашите хуманитарни активности. Во таа насока Црвениот крст на РСМ во претстојниот петгодишен период има за цел да воведе нов модел за членување кој ќе инкорпорира иновативни форми за привлекување и задржување на членови во организацијата со цел да се обезбеди поширока поддршка на јавноста во Република Северна Македонија за работата на Црвениот крст на РСМ и да се обезбедат дополнителни средства за имплементација на програмите на националното друштво во локалните заедници.

Наодите од последните анализи на состојбите поврзани со членството во Црвен крст на РСМ од добиените податоци од општинските организации на Црвен крст на почетокот на 2023 година укажуваат на различни предизвици во повеќе средини поврзани со членската база во основните организации на Црвен крст, плаќање на членарина, обезбедувањето на потребниот број на членови во основните организации согласно со одредбите од Статутот на Црвен крст на РСМ, евидентирање на членовите во регистрите за членство во ООЦК, внесување на членството во постојниот софтвер за членство на Црвен крст на РСМ, издавање на членски картички за членовите на Црвен крст во одредени ООЦК, и други аспекти поврзани со мобилизирањето на членството во организацијата на Црвениот крст на РСМ. Новиот модел на членување во Црвен крст на РСМ има за цел да понуди посеопфатни решенија во однос на зголемувањето на бројот на членови и функционалноста на основните организации на Црвен крст. Од една страна ќе се овозможи непречено функционирање на основните организации на Црвен крст и делегирање на членови во раководните тела на организацијата, а од друга страна треба да овозможи можности за зголемување на бројот на членови кои ќе бидат активно вклучени во волонтерските активности на националното друштво.

Процесот на трансформации посебен акцент става на разгледување на можностите за нудење на дополнителни решенија за формирањето на основни организации посебно во однос на членовите кои се пријавуваат во општинската организација на Црвен крст кои согласно со Статутот на Црвен крст на РСМ може да бидат регистрирани единствено како членови поддржувачи на организацијата. На некој начин оваа категорија на членови - поддржувачи се наоѓа во подредена положба во однос на искористување на можност за учествување во процесот на раководење на организацијата па затоа изнаоѓањето на модалитет за формирање на основни организации во рамките на ООЦК или директно членување кое не подразбира членство во основна организација треба да овозможи подеднакви можности за членување во организацијата и учество во изборниот процес на локално и национално ниво. Со новиот модел очекуваме да го подобриме квалитетот на кадровските решенија на раководната структура кои досега заради неможност да бидат дел од системот за зачленување во основни организации (во месни заедници, претпријатија и училишта) немале можност активно да се вклучат во овој процес.

Зголемување на бројот на членови треба да даде посебен придонес и во мобилизирање на дополнителни средства за програмско делување на општинските организации на Црвен крст. Членувањето во Црвениот крст преку нови модалитети за зачленување како што е на пример семејното членување или пак погодности за плаќање на членарина за две или три години, треба да понудат можности за пошироко вклучување и поголема јавна поддршка за активностите на Црвениот крст, пред се во однос на поголема вклученост на населението во работата на Црвениот крст во локалните заедници.

Во новиот модел посебен акцент ќе ставиме на унапредувањето на соработката со различни чинители и организации во државата како што се синдикалните организации, спортските организации, здруженија, компании и институции, со цел да обезбедиме нови членови, но исто така и да иницираме можности за партнерства и соработка во иднина, како на национално така и на локално ниво. Ќе се стремиме во новиот модел на членување да нудиме погодности поврзани со начинот на плаќање на членарина (пр. индивидуална членарина, членарина за волонтери со процентуален попуст заради активност во организацијата, членарина за младинци со процентуален попуст заради возраста на лицето, семејна членарина, доживотна членарина) за да овозможиме поголема достапност и можности на луѓето да станат дел од нашата членска база и зависно од нивниот интерес да земат учество во системот на раководење на нашата организација.

Истовремено во нашиот нов модел за членување ќе промовираме модалитети за оддавање признание, вреднување и надградба на членовите и други бенефиции и погодности кои треба да ги обезбеди Црвениот крст или тоа да се направи во соработка со партнерски организации/институции. Посебно внимание ќе посветиме во обезбедување поддршка за општинските организации на Црвен крст во однос на детектирање на потенцијални целни групи за зачленување во Црвениот крст. Новиот модел за членување ќе биде пропратен и со ново софтверско решение кое ќе биде едноставно за употреба и ќе овозможува лесно и брзо внесување и следење на податоци за членството во општинските организации на Црвен крст. Ќе инвестираме во промотивни активности за зголемување на бројот на членови како што се организирање на кампањи за мобилизирање на нови членови  и подигање на свеста на постојните членови за значењето на членување во организацијата на Црвен крст и продолжување на членството во националното друштво.

Посебно внимание ќе посветиме на унапредување на начинот на контактирање на потенцијалните членови за нивно вклучување во организацијата на Црвениот крст преку форми и модалитети кои ги практикуваат националните друштва во Движењето. Во новиот модел ќе тежнееме да воспоставиме сеопфатен систем за информирање на нашето членство со цел на членовите да им се овозможи навремено информирање за работата и остварувањата на Црвениот крст на РСМ како и за можности за вклучување во активностите од нивен интерес.



# Трансформација 5: Модел за инспирирање и мобилизирање на волонтери

Волонтерите и волонтерството го претставуваат потенцијалот на заедниците да одговорат на предизвиците во локалното опкружување. Волонтерството се заснова на принципот на доброволност, дејствување во корист на други лица без финансиски надомест. Волонтерството како начин на дејствување има општествена и индивидуална полза. Волонтерството како модел на функционирање во рамки на општеството создава национална солидарност и во време на неповолни состојби, попросперитетните групи даваат свој придонес за доброто на оние кои имаат потреба од поддршка. Од друга страна, волонтирањето на луѓето им нуди можност за личен развој и надградба, на професионален и личен план. Луѓето волонтираат затоа што сакаат да бидат дел од една поширока социјална групација во заедницата промовирајќи заедништво, соживотот, мир и толеранцијата, како основни вредности во животот на човекот. Волонтирањето во Движењето претставува директна и блиска врска со заедниците ширум светот и ни овозможува социјално, развојно и хуманитарно дејствување во обем кој не е на друг начин можен.

На глобално ниво, Црвениот крст и Црвената полумесечина имаат околу 11-12 милиони волонтери. Овој број варира во зависност од тоа какви катастрофи и кризи се појавуваат во одредена година, но без оглед на се, сепак е значителен бројот на луѓе што се мобилизираат да ги поддржуваат другите во рамки на Движењето. Сепак се повеќе се доведува во прашање севкупниот тренд на волонтирање во Црвениот крст и Црвената полумесечина (како резултат на неверодостојни податоци во многу земји), но во секој случај разумно е да се процени дека вкупните бројки во најдобар случај во последната деценија стагнираат (со само мал раст во некои области) или уште полошо, на глобално ниво, бројот на волонтери во Движењето е во опаѓање. Истражувањата и анализите во последните години укажуваат на менување на глобалните и локалните трендови кои влијаат на волонтирањето па затоа сме подготвени да инвестираме во прилагодување и адаптирање на волонтерскиот модел во Црвениот крст на РСМ доколку сакаме да продолжиме да бидеме лидер на полето на волонтерско организирање во 21 век.

Евидентно е дека мотивациите кои се кријат зад желбата за волонтирање се менуваат како резултат на социјалните, економските и политичките контексти во кои формите на волонтирање се исто така крајно разновидни и влијаат на различните карактеристики и манифестации на волонтерството. Волонтерството е воглавно локална активност. Силата на волонтерството е што луѓето доброволно преземаат активности за да ги решат проблемите со кои се соочуваат во нивното локално опкружување. Овие локални волонтери честопати се совршено подготвени да одговорат; тие ги разбираат локалните проблеми, го знаат јазикот, културата и обичаите и имаат лична мотивација за разлика од оние кои не се директно поврзани со заедницата. Искуствата ни покажуваат дека луѓето се повеќе волонтираат во пократок временски период, а постои и потреба на локално и национално ниво за преземање активности за унапредување на разновидноста на нашата волонтерска база на локално ниво за да ги претставува заедниците што ги поддржува.

Црвениот крст вршејќи ја својата помошна улога овозможува реализација на индивидуалните и колективните потреби на волонтерите да дадат придонес и импакт во подобрување на состојбите на локално ниво и тоа мора секако да продолжи, но постои впечаток дека постои потреба од подобро искористување на капацитети на глобалната и локалната мрежа на Црвениот крст за да се обезбеди поголема иновативност и поврзување на локалните и глобални активности во соочувањето со нашите заеднички предизвици. Технологијата го менува начинот на човечките активности и волонтирањето не е исклучок. Технолошкиот напредок ги поврзува луѓето со претходно невозможни начини, потенцијалите се неограничени, па затоа подготвени сме да бидеме поотворени во однос на иновативноста на волонтерите кои ќе бидат поврзани преку фокусирани мрежи и помалку контролирани од централните механизми на раководење и управување.

Црвениот крст на РСМ е водечка организација во земјата на полето на мобилизирање на волонтери кои даваат придонес во справување со различни предизвици и реализација на активности од општествен интерес. На годишно ниво Црвениот крст на РСМ во просек мобилизира околу 4.000 волонтери кои волонтираат во различни програми на националното друштво во локалните заедници. Во претстојниот период Црвениот крст на РСМ во соработка со надлежните институции во државата ќе работи на лобирање на препознавање и промовирање на значењето на волонтерството во државата и соодветно вреднување на волонтерскиот придонес во општествени рамки.

Подготвени сме да инвестираме во нов модел на волонтирање кој ќе обезбедува поголема разновидност во организацијата, односно поголема вклученост на малцински групи, жени и лица кои живеат со инвалидитет за што ќе биде потребно да воспоставиме соодветни комуникациски средства и инфраструктура. Во новиот модел решени сме поактивно да го вклучиме повозрасното население кое има потенцијал да понуди голема и стручна поддршка. Од друга страна ќе продолжиме да работиме на креативен и иновативен начин за обезбедување поддршка и мобилизирање на младите особено ако се има во предвид дека младите се посебно заинтересирани за волонтирање и кај нив постои најголема страст и желба за вклучување во решавање на социјални прашања повеќе од било кога претходно.

Решени сме да развиваме модел на волонтирање кој ќе понуди ефективен начин за обезбедување на поддршка од волонтери во заедниците, и да се трансформираме во организација која ќе биде поотворена и поподготвена за воспоставување на побрз, мрежен, децентрализиран и само-управуван модел на волонтирање менувајќи го постојниот модел кој во голема мера е централизиран, со процеси и процедури кои понекогаш може да ја задушат креативноста и честопати претставуваат пречка за брзо и ефективно вклучување на волонтерите во нашата мрежа. Нашиот постоен модел се потпира на привлекување и ангажирање на волонтери за спроведување на претходно дизајнирани услуги. Иако овој елемент сеуште е неопходен, подготвени сме да размислуваме на воведување на промени каде волонтерите ќе можат да обезбедуваат поддршка, знаење и ресурси и влијание што тие сакаат да го видат во светот со цел да бидат и понатаму дел од нашето Движење. Промените во социјалните трендови кои влијаат врз луѓето, најверојатно, ќе значат дека волонтирањето ќе треба да го организираме во поразлична форма од денешнава доколку сакаме да ги задоволиме волонтерските потреби а истовремено да обезбедиме поддршка за нашите активности и услуги.

Новиот модел на волонтирање пред се треба да ни овозможи обезбедување на взаемна поддршка и унифициран пристап во однесувањето и делувањето на волонтерите и вработените во организацијата и кон нашите корисници на услуги. Волонтирањето се менува, поттикнувано од поголема поврзаност и капацитет за само-мобилизирање и спонтано волонтирање преку дигитални технологии.

Посветено ќе работиме на мотивирање на доброволно волонтирање во организацијата на Црвен крст на РСМ преку развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди кои ќе ни овозможат создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Во планирањето на волонтерските активности и волонтерскиот ангажман ќе ставиме акцент на обезбедување безбедност и заштита на волонтерите, особено на оние кои работат во вонредни околности. Се заложуваме да ги зајакнеме нашите пристапи за волонтерско управување, овозможувајќи партиципативен модел за работа и ефикасна поддршка за нашите волонтери и одавање признание за ангажманот и работата на волонтерите. Ќе ја негуваме нашата волонтерска база за да обезбедиме широк спектар на волонтерски услуги, давајќи го нашиот придонес во општественото опкружување особено при кризни состојби. Посебен акцент ќе ставиме на промовирање на дигитално волонтирање, корпоративното волонтирање, волонтирање преку спроведување на онлајн кампањи и други форми кои ќе кореспондираат на потребите на волонтерите.

Ќе работиме на намалување на бариерите за волонтирање кои во моментот влијаат врз одредени поединци во општеството и ќе овозможиме поголем волонтерски ангажман за постарите лица, меѓу-генерациска соработка и вклученост на лицата со посебни потреби, и други маргинализирани лица, кои можеби не биле во можност порано да се вклучат во Црвениот крст. Ќе работиме на донесување на соодветни политики и програми за менаџмент на волонтери и членови и системи кои се дисеминирани, општо прифатени од страна на раководството и управата на организацијата и волонтерите и членовите.

Решени сме да продолжиме со активности за зајакнување на капацитетите на човечките ресурси за менаџмент на волонтери и унапредување на системот за ангажирање на постоечките волонтери во работата на ООЦК и ЦКГС, унапредување на системот за привлекување, задржување и мотивирање на волонтерите во организацијата. Во овој процес континуирано ќе ги користиме позитивните искуства во Движењето на полето на развој на волонтерството. Ќе преземаме активности за подигање на јавната свест за значењето на волонтерството во државата и ќе обезбедиме континуиран процес на споделување на повратни информации до заедниците како и активно вклучување на волонтерите во процесот на планирање и одлучување.



# Трансформација 6: Нови трендови во младинското работење

Младите на Црвениот крст на РСМ се ентузијастични, амбициозни и посветени членови и волонтери кои своите капацитети, знаења, способности и слободно време ги инвестираат во насока на исполнување на мисијата на организацијата и помагање на оној на кој тоа му е најпотребно. Младинското делување е организирано преку функционирање на 33 клубови на млади кои делуваат во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. Работата на младите на Црвениот крст на РСМ е насочена кон потребите на младите луѓе и целните групи, преку пристапот врсник на врсник и разни облици на неформална едукација со цел промоција и унапредување на здравјето, ублажување на социјалните проблеми преку хуманитарни акции, дејствување при итни состојби од хуманитарен аспект, зачувување на достоинството и различностите, обучување на младата популација за заштита и самозаштита, стекнување со вештини од областа на првата помош, промовирање на принципите на движењето, повикување на култура на дијалог за взаемно разбирање, толеранција и хуман однос без дискриминација.

Организациската трансформација на младинското работење ќе биде насочена кон градење на координативни структури кои во есенцијата на својата работна култура ќе ги негуваат принципите на младинска работа. Во таа насока ќе работиме на воведување на нов тростепен систем на координација и мотивација на работата на клубовите на млади (локално, регионално и национално ниво) кој ќе овозможи добри предуслови за успешна имплементација на различни младински иницијативи во локалните заедници. Фокусот ќе биде насочен кон градење на посебен систем на воведување во работата, едукација и континуиран професионален развој на младинските координатори кои понатаму истото ќе го мултициплираат во рамки на постојаните волонтерски структури.

Подготвени сме да градиме организациска култура која ќе овозможи надминување на одредени предизвици во младинското организирање како предуслов за ефективна и ефикасна работа на младите кои се свесни за својата улога и придонес во остварување на мисијата на Црвениот крст.

Ќе се стремиме да ја смениме перцепцијата кон младите во однос на нивното место и улога во управувачката и раководната структура на организацијата, каде што младите ќе бидат препознати како идни но и сегашни млади лидери кои со своите компетенции даваат особен придонес во развојот на организацијата.

Особено внимание ќе посветиме на градење на механизам за обезбедување на неопходна грижа за нашите волонтери и членови во Клубовите на млади преку понуда на нормативна, стручна и функционална рамка за делување. Решени сме да дадеме придонес во градење на организациска култура каде Црвениот крст ќе биде отворен за секого во кој посебно место ќе имаат младите.

Програмската трансформација ќе се темели на неколку клучни постулати. Ќе инвестираме во младински програми на Црвениот крст на РСМ (социјално-хуманитарна дејност, здравствено-превентивна дејност, подготвеност и делување при катастрофи и промоција на хумани вредности) кои ќе нудат нови и добро структурирани содржини чија суштина ќе се заснова на пристапот „од млади за млади“.

Во овие програми младите ќе бидат креатори на активности базирани на локалните потреби, актуелните случувања и трендови, во кои ќе може да ја изразат својата иновативност, креативност, одлучност и визионерство.

Ќе промовираме минимум стандарди за работа и ефикасност на клубовите на млади со што ќе се гарантира секој клуб да функционира согласно организациските политики и нормативна рамка и да испорачува адекватни резултати во општественото опкружување. Овие стандарди треба да обезбедат унифицирано работење на младите волонтери во рамки на целата организација.

Ќе инвестираме во волонтирање кое ќе се заснова на системска преориентација од квантитативно кон квалитативно волонтирање каде волонтерите примарно ќе се регрутираат согласно со нивните компетенции и стручност за ангажирање во однапред структурирани волонтерски задачи. Во нашата работа ќе се стремиме да опфатиме колку што е можно повеќе млади луѓе и ќе ставиме акцент на промовирање на позитивните хумани вредности и градење на одговорни личности кои ќе бидат проактивни чинители во заедницата. Посебен простор во нашиот трансформативен процес ќе одвоиме на таргетирано мобилизирање на студентската популација во специјализирани програмски сервиси во кои што младите ќе имаат палета на можности за примена на своите академски знаења во спроведувањето активности за задоволување на потребите на различни целни групи во заедниците.

Конечно во рамките на промените кои што ќе ги спроведуваме во претстојниот петгодишен период ќе промовираме процес во кој што ќе обезбедиме соодветна застапеност на младите во системот на раководење и управување каде што младите ќе бидат активен чинител и партнер во носењето на одлуките поврзани со организацијата и проактивен иницијатор за развој на организацијата нудејќи иновативни решенија и пристапи.

Црвен крст на Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Maqedonisë së Veriut
Red Cross of North Macedonia

Млади Të rinjtë Youth

### 01
**РЕФОРМИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА МЛАДИТЕ**

Градење на координативни структури кои во есенцијата на својата работна култура ќе ги негуваат принципите на младинска работа.

### 02
**ВОВЕДУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ПРОГРАМИ**

Воведување на нов тростепен систем на координација и мотивација на работата на клубовите на млади (локално, регионално и национално ниво).

### 03
**ФОРМИРАЊЕ НА СЕКТОР ЗА МЛАДИ ВО ЦКРСМ**

Промена на перцепцијата кон младите во однос на нивното место и улога во управувачката и раководната структура на организацијата.

### 04
**ПРОМОЦИЈА НА ПОЗИТИВНИ ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ**

Градење на одговорни личности кои ќе бидат проактивни чинители во заедницата.

# Трансформација 7: Услуги за асистенција и нега на социјално ранливи категории на население

Услугите од областа на социјална заштита во нашата земја се остваруваат со почитување на принципот на плурализација, каде што освен државата, граѓанскиот сектор, како и други приватни и физички лица се вклучени во давање на одредени услуги на лица кои се наоѓаат во социјален ризик, создаваат услови за искористување на сите ресурси и потенцијали кои може да се мобилизираат за задоволување на социјалните потреби, при што се прави позитивна општествена промена. Црвениот крст на РСМ активно е вклучен во испорака на квалитетни социјални услуги за помош и нега во домашни услови, како и услуги за лична асистенција на лица со попреченост.

## Услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домашни услови

Услугата помош и нега во домот претставува долготрајна грижа во домот и вклучува обезбедување на основни здравствени и социјални услуги во домашни услови на лица кои поради возраст, хронични болести и др. причини се во состојба на изнемоштеност и неможност да се грижат за себе. Оваа услуга овозможува да им се помогне на луѓето да останат дома и да живеат што е можно понезависно. Услугата за нега се обезбедува во домот на лицето што прима услуги или во домот на член на семејството. Услугите се од различна природа и форма и ја заменуваат институционалната грижа и другите форми на организирана грижа.

Црвениот крст на РСМ во 2017 година спроведе истражување во нашата земја со опфаќање на 1.000 лица постара популација, според кои резултати беше потврдена потребата од отворање на сервиси за помош и нега на старите лица во домашни услови. Од истражувањето може да се забележи дека постарите лица претпочитаат да добиваат услуги за помош и поддршка во домот - затоа што во нивниот дом се чувствуваат пријатно, мирно и безбедно. Ваквите наоди наложуваат посеопфатна интервенција со цел препознавање на потребите и влијание во носење на одлуките за воспоставување на нови социјални услуги. Според Законот за социјална заштита од 2019 година, старите лица можат да користат социјални услуги за помош и нега во домот и можност услугите да бидат обезбедени од организации од граѓанскиот сектор кои имаат лиценца или овластување да даваат социјални услуги. Во текот на 2021 година со поддршка на Министерството за труд и социјална политика, отворени се 10 центри за испорака на услуги за нега на стари лица во домашни услови. Црвениот крст е лиценциран провајдер на услугите, а лицата кои се непосредни даватели на услугата за помош и нега во домовите на корисниците, се обучени негуватели кои имаат професионални капацитети за потребната специфична грижа. Интенција на Црвениот крст е ваквите услуги да се развиваат и прошируваат во националното друштво со опфаќање на поголем број корисници.

Црвениот крст во обезбедување на услугата за помош и нега во домашни услови, континуирано ќе вложува во квалитетот, но и во разновидноста на самата услуга преку воведување на специјализирани даватели на крајната услуга за нега како што е асистенција за нега на лица болни од алцхајмерова болест, и палијативна нега на изнемоштени лица. Овие услуги ќе бидат нудени на пошироката јавност за што ќе се влијае за нивно препознавање и примена. Од досегашни достапни истражувања, најголемиот дел од грижата и негата за постарите лица се обезбедува од членови на семејството, кои немаат потребни вештини и компетенции. Без оглед на конкретни околности, да се биде семеен негувател е предизвикувачка улога и веројатно улога за која луѓето не се обучени да ја преземат. Со вистинската помош и поддршка, може да се пружи помош и ефективна грижа за постарите лица. Имајќи го ова во предвид, Црвениот крст на РСМ покрај услугите испорачани од страна на сертифицирани негуватели, ќе воведе нова програма за дополнителна поддршка за помош и нега на старите лица.

Програмата ќе нуди можност за оспособување на помладите членови на семејствата за зајакнување на нивната улога во обезбедувањето соодветна нега на стари лица во нивните домови.

## Услуги за лична асистенција на лица со попреченост

Република Северна Македонија како потписник на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост презема низа активности за оживотворување на одредбите содржани во Конвенцијата и остварување на правата на лицата со попреченост во сите сегменти на животот. Во 2018 година во системот на социјална заштита се предвиде воведување на услугата лична асистенција, а подоцна со донесувањето на новиот закон за социјална заштита, услугата лична асистенција е дел од пакетот социјални услуги за подобрување на квалитетот на живеење на лицата со попреченост. Со услугата лична асистенција се обезбедува индивидуална помош и поддршка за лица од 6 до 65 годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка на работно место, образовна установа, центар за рехабилитација, центар за професионална рехабилитација и други места каде се реализираат активности поврзани со извршување работни задачи, образование и работно оспособување на корисникот, во заедницата, и други активности од интерес на лицето. Услугата лична асистенција се дава од страна на лиценцирани или овластени даватели на социјални услуги, односно физички лица кои вршат работа во социјална заштита како професионална дејност согласно Законот за социјалната заштита. Непосредни даватели на услугата лична асистенција се сертифицирани лични асистенти.

Во 2018 година Црвениот крст на РСМ верификуваше посебна програма за лична асистенција на лица со попреченост. Црвениот крст е лиценциран провајдер на услугата за лична асистенција на лица со попреченост. Овие услуги се предвидува да се развиваат и прошират преку повеќе општински организации во националното друштво, со цел достапност на услугите до поголем број на корисници. Услугата кон крајните корисници се испорачува бесплатно, а истата е поддржана од страна на Министерството за труд и социјална политика. Следејќи ги потребите на граѓаните, во изминатиот период се наметна потребата од воведување, односно проширување на услугата и за лица со комбинирани пречки во развојот. Се очекува овие промени да се интегрираат во системот за социјална заштита, според кои Црвениот крст на РСМ ќе креира нова посебна програма за обука на лични асистенти, а потоа ќе се воспостави и испорака на новата услуга за лична асистенција. Особено ќе се вложува во градење на капацитетите за испораката на услугата кон крајните корисници, континуирано следејќи ги новините за подобрување на квалитетот на услугата.

# Социјални услуги

Социјалните услуги за помош и нега во домот, како и услугата за лична асистенција на лица со попреченост, како и воопшто обезбедувањето на социјалните услуги бара постојано приспособување и адаптирање, како на потребите на корисниците, исто така и на реалните можности на системите на државата да ги остварува овие политики. Според тоа, Црвениот крст на РСМ ќе го следи квалитетот на испораката на услуги преку испитување на задоволството на корисниците од применатата услуга, како и на самите даватели на услугата – негувателите. Од добиените сознанија ќе се прават нови вложувања во зачувување на квалитетот преку потребни промени  во испораката на услугата согласно соодветните потреби на корисниците. Црвениот крст особено ќе се залага за следење на новините во испораката на ваквиот вид на услуга, со јакнење на капацитетите на негувателите. Црвениот крст ќе вложува во градење на довербата и одговорност во испораката на поквалитетни социјални услуги  кон институциите на системите за поддршка  во државата, но и континуирано градење на довербата кон крајните корисници, што ќе придонесе за поттик во натамошен развој на услугите и препознавање на организацијата како истакнат провајдер за испорака на квалитет во услугите.

Социјалните услуги во националното друштва, кои се испорачуваат согласно стандардните оперативни процедури на системите на државата, ќе бидат и внатрешно нормирани со цел да се потврди соодветното постапување, но и да се препознава организацијата во унифицираниот пристап за спроведување на услугите. Услугите кон крајните корисници Црвениот крст ги испорачува без надомест, и истите се поддржани од страна на Министерството за труд и социјална политика. Според одредени критериуми на министерството се определуваат крајните корисници и истите самостојно имаат можност да го изберат провајдерот на социјалната услуга. Црвениот крст е потврден партнер и веќе петта година во континуитет се препознава пред државата и корисниците како сериозна организација која е посветена во професионален пристап за испорака на квалитетни услуги. Една од развојните цели на организацијата е да ги развива социјалните услуги во националното друштво и да поставува високи критериуми за квалитет.

Со цел одржлив развој на социјалните услуги Црвениот крст на РСМ изработи концепт на обезбедување на економски услуги. На овој начин  услугите се ставаат во функција и достапност и на пошироката јавност, за граѓани кои имаат потреба од професионални  социјални услуги за нега и асистенција на стари лица и лица со попреченост.  Она што е од исклучително значење е дека ќе работиме и ќе се  залагаме за  обезбедување на еднаков пристап на корисниците до потребната услуга согласно нивните специфични потреби. Со воспоставување на дигитална платформа за промоција на социјалните сервиси, граѓаните ќе имаат можност на брз и ефикасен начин да добијат соодветни информациите за користење на услугите. Преку примена на соодветни алатки за видливост  ќе влијаеме на пошироката јавност за препознавање на вредноста на нашата организација во обезбедување на професионален пристап за испорака на услугите за нега и помош во домот, како и асистенција на лица со попреченост.

# Трансформација 8: Социјална инклузија и унапредување на еднакви можности на пазарот на труд

Борбата против социјалната исклученост е едно од приоритетните прашања преку кое Црвениот крст прави напори да придонесе во подобрувањето на поврзаноста помеѓу поединецот и заедницата. Причините за социјалната исклученост често се поврзуваат со недоволната вработеност, ниското образовно ниво, ограничени можности за вработување, застарени знаења и способности или немање современи алатки за комуникација, домувањето, немање пристап до информации. Борбата против социјалната исклученост бара активно мобилизирање на сите учесници како на национално, исто така и на локално ниво во идентификување на соодветни решенија во пресрет на предизвиците со кои се соочува земјата. Програмите за социјална инклузија имаат тенденција да се фокусираат на образование, вработување, егзистенција или застапување на правата и потребите на исклучените лица.

Според политиките на државата во однос на регионален и локален развој, во целите поставени во програмата од областа на пазарот на труд, наведена е потребата од широк, добро организиран и отворен пристап на локално ниво до образование и обуки со висок квалитет и апликативна вредност по однос на економскиот пазар и пазарот на трудот. Исто така и создавање на локални предуслови за креирање на нови производи / услуги кои генерираат раст и работни места и помагаат во решавањето на општествените предизвици. Северна Македонија се соочува со висока стапка на невработеност и според статистичките податоци од вкупниот број на невработени лица најзастапени се лицата со пониско образовно ниво и без квалификации. Со цел да се придонесе кон унапредување на условите и можностите за зголемено учество на невработени лица, односно лицата кои се социјално изолирани на пазарот на трудот, Црвениот крст спроведува активности за зајакнување на професионалните капацитети, како и развој на нивните социјални вештини. Преку изучување на разни занаети врз основа на нивните афинитети, желби, а пред се капацитети, се овозможува работна интеграција на ранливото население на пазарот на труд, со цел да се подобри нивната економска состојба, како и состојбата на нивните семејства.

Од август 2017 година, Црвениот крст на РСМ е верификувана организација од страна на Министерството за образование и наука, која спроведува обуки за негувател/ки за помош и нега на стари лица и лица со попреченост, согласно верификувана програма од страна на Центарот за образование на возрасни. Во 2018 година Црвениот крст на РСМ е верификуван провајдер на обуки и за лична асистенција на лица со попреченост. Во почетокот на 2021 година Црвениот крст на РСМ преку Центарот за образование на возрасни, верификуваше две нови посебни програми, за палијативна нега на изнемоштени лица и програма за асистент за нега на лица од алцхајмерова болест. Обучени се и првите негуватели за палијативна нега, а овие програми се предвидува да се спроведуваат и преку општинските организации на Црвен крст во земјата, кои натаму ќе испорачуваат ваков вид на услуги за населението во заедниците. Покрај придобивките за директните корисници, спроведувањето на новите социјални услуги отвора можности за нови вработувања за лица од социјално ранливи категории на граѓани.

На пазарот на труд во нашата земја постои висок родов јаз во поглед на учество на мажите и жените. Ниското учество на жените во споредба со мажите се истакнува како еден од главните предизвици. Во таа насока Црвениот крст преку посебните програми отвора можност за професионално оспособување и конкурентност на пазарот на труд. Со воспоставување на социјалните услуги ќе креираме нови можности за вработувања на жената преку обезбедување на еднакви можности за вклученост на мажите и жените во посебни програми за обуки и социјални услуги. Опсегот на потреби и побарувања на постарите лица и лицата со попреченост е далеку поголем од достапните капацитети за обезбедување на такви услуги од страна на негуватели и асистенти. Црвениот крст на РСМ со цел да оспособи лица - квалификувани негуватели кои ќе испорачуваат квалитетни професионални услуги за старите лица, верификуваше

посебни програми за обука на негуватели и асистенти за стекнување на вештини и компетенции за помош и испорака на соодветна нега преку кои даваме придонес во градење на системот на образование на возрасните во државата и обезбедува висок квалитет на учење и можности за стекнување на квалификации во согласност со потребите на населението.

На сертифицираните лица им се овозможува зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот, јакнење на личните компетенции, како и можностите за вработување. Значајно е да се истакне дека во досегашниот период од шест години, обучени се вкупно 1163 долгорочно невработени лица кои се стекнале со соодветен сертификат, преку 16 едукативни тренинг центри на Црвениот крст, од кои 4 центри покриваат дополнителни 8 општини. Обучените лица се ставаат во функција за испорака на квалитетни социјални услуги за граѓаните - давање на помош и нега на лица кои поради возраст, хронични болести, попреченост и др. причини се во состојба на изнемоштеност и неможност да се грижат за себе, како и лична асистенција на лица со попреченост со цел да се придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина.

За да се испорачуваат квалитетни социјални и здравствени услуги за старите лица и лицата со попреченост, ќе работиме на ангажирање на сертифицирани негуватели кои ќе бидат квалификувани да ја испорачуваат негата кон старите лица, како и лични асистенти на лица со попреченост со што ќе опфатиме поголем број на стари лица со соодветна нега во своите домови и поддршка за лицата со попреченост во нивното секојдневие. Со овие промени ќе се влијае на неколку општествени придобивки – можност лицата социјално исклучени жени и мажи, особено долгорочно невработените лица да се стекнат со квалификација и да бидат по конкурентни на пазарот на труд, придобивки за вработување на ранливо население, и особено, со испорака на квалитетни услуги ќе се влијае на подобрување на здравјето и добросостојбата на ранливото население во заедниците.

Црвениот крст на РСМ преку насочени програми за социјално вклучување со комбинација на обезбедување социјални услуги, иницијативи за подигање на свеста, како и застапување, позитивно и на најефективен начин ќе даде придонес во решавање на предизвици кои доведуваат до долгорочна исклученост на одредени целни групи. За остварување на овие заложби ќе инвестираме во континуираното јакнење на партнерството и довербата со владините институции на сите нивоа, но и заедниците. Потребни се промени во пристапот за справување со исклученоста, во насока на директна вклученост во посебните програми и услуги на Црвениот крст, на лица долгорочно невработени кои се стекнале со соодветни професионални квалификации, како и работно ангажирани сертифицирани лица.

Промовирањето на еднаквиот пристап за стекнување соодветни компетенции и пристап за работно ангажирање во квалитетни услуги, континуирана надградба на капацитетите, ќе доаѓа непосредно од лицата кои се интегрирале во општеството преку програмите на Црвениот крст. Ова ќе придонесе за зголемена свест во заедниците за можностите за унапредување на социјалната вклученост на ранливи целни групи население. Во креирање на новите посебни програми, Црвениот крст ќе вклучи лица од целните исклучени групи, бидејќи тие се најефективниот коректор за позитивни промени во заедниците.

Една од социјално исклучените ранливи целни групи за кои Црвениот крст особено прави напори да се обезбеди помош и поддршка се бездомните лица. Бездомниците се соочуваат со намален животен век, здравствени проблеми, дискриминација, изолација и бариери за пристап до основните јавни услуги и бенефиции. Црвениот крст на град Скопје во рамки на Пунктот за бездомници 14 години во континуитет во текот на целата година испорачува соодветни услуги на бездомните лица како што се: лекарски прегледи, психо - социјална поддршка, правна помош, можност да извршат хигиенски потреби, фризерски услуги, да добијат чиста облека, како и топол оброк.

Пунктот располага со опремена кујна/трпезарија каде се опслужуваат овие лица со топол оброк два пати неделно. Во просек 160 бездомници го посетуваат пунктот секоја среда и петок. Вкупниот број на бездомни лица изнесува 204 кои се опслужени од страна на Црвениот крст. Услугите за бездомните лица се испорачуваат од страна на мултидисциплинарен тим кои се обезбедуваат согласно нивните потреби. Лицата во пунктот добиваат бесплатна примарна здравствена заштита и бесплатни лекови. Доколку се потребни дополнителни лекувања за овие лица на секундарно и терцијално ниво, тимот на Црвен крст го дава својот максимум при изнаоѓање на соодветни решенија во соработка со институциите во државата.

Психолошката поддршка и помош на бездомните лица е неразделен сегмент во стручната работа која се спроведува за побрзо и поуспешно надминување на социо-психолошките проблеми со кои се соочува оваа категорија на лица. Преку најразлични психолошки методите и техниките, се работи на подобрување на интегритетот на личноста, зголемување на мотивацијата да се направи позитивен исчекор за повторно враќање во здравите општествени текови, како и воспоставување на психолошки баланс за нивно ефикасно и ефективно функционирање. Лицата добиваат поддршка во изготвување на соодветни документи кои се потребни при аплицирање во случај отворени можности на пазарот на труд. Со бездомните лица особено се работи на поттикнување и овозможување на нивна вклученост во стекнување на соодветни професионални квалификации или преквалификации со цел поддршка за полесен пристап до пазарот на труд - работен ангажман кој пак е пресуден момент за нивно успешно реинтегрирање. Во рамките на редовните активности на Црвениот крст на 10 бездомни лица им е обезбедена работна интеграција.

Во рамките на Пунктот функционира и прифатилиште кое е отворено во период на екстремно ниски температури за привремено згрижување на бездомните лица кои имаат здравствени и психо - социјални проблеми. Покрај ноќевање бездомните лица добиваат и топли оброци. Капацитетот на пунктот за прифаќање во моментот е 30 лица. Од досегашното искуство ваквиот вид на привремено згрижување е недоволен. Потребата налага за проширување на постојните капацитети и истите би биле наменети за згрижување на вкупно 60 лица, за што постојниот простор на прифатилиштето би може да се надгради и прошири. Црвениот крст ќе понуди проширување на оваа услуга со нови содржини за што ќе се отвори дневен центар за едукација со цел јакнење на нивните лични вештини, како и организирање на соодветни обуки. Преку центарот ќе се нуди работна окупација на бездомните лица. Бездомните лица со ваквиот пристап би биле мотивирани да се залагаат за нивни позитивни промени во општественото живеење.

Истовремено Црвениот крст ќе прави напори преку активности за застапување да се влијае до надлежните институции за потреба од отворање на Центар за привремен престој на бездомни лица. Центарот би функционирал во соработка и поддршка на Министерството за труд и социјална политика. Црвениот крст располага со човечки потенцијал за менаџирање на ваквиот вид на социјален сервис. Центарот би имал капацитет за 50 до 80 бездомни лица, кои би биле секојдневно згрижени 24/7 до нивно повторно интегрирање во општеството. Бездомните лица би добивале комплетен пакет на услуги: сместување, исхрана, хигиена, медицинска, психолошка поддршка, правни совети. Овие промени ќе се прават во тесна соработка со институциите на системите за поддршка во државата. Црвениот крст на РСМ ќе ја стави во функција постојната инфраструктура со која располага, која може да се докомплетира и опреми во соодветен Центар кој ќе одговори на потребите на бездомните лица. Црвениот крст располага со простор со вкупна површина од 600 м2, од кои 300 м2 би биле ставени во функција за сместувањето, додека 300м2 би биле соодветно опремени и наменски користени за дневниот центар за едукација на бездомните лица.

# Трансформација 9: Развој на економски активности за социјални цели

Социјалното претприемништво во нашата земја е сектор во зародиш кој  се повеќе побудува интерес. Социјално претприемништво претставува организирана дејност со цел за креирање на можности,  вработување на лица во производство и продажба на производи или услуги каде што добивката не е единствена или главна цел на активност, односно добивката се користи за вработување на одделни социјално исклучени или ранливи општествени групи и за решавање потреби и проблеми во заедницата. Нашата земја се соочува со висока стапка на невработеност од 22,9% невработени лица, како и стапка на сиромаштија од 21,8%. Како одговор на овие услови, социјалното претприемништво може да одигра важна улога за интеграција на социјално исклучените и ранливи групи и намалување на невработеноста.

Социјалните претпријатија се во раните фази на развој. Има неколку добри примери на претпријатија што работат во областа на социјалната економија и секако дека има голем потенцијал од страна на државниот и граѓанскиот сектор за поттикнување развој на претпријатија кои би имале позитивно влијание врз општеството. Социјалните претпријатија кај нас би биле во делот на мали и средни претпријатија кои и сега се двигатели на економијата. Тука се отвора простор за нови работни места во повеќе сектори како социјална заштита, здравство, екологија и сл. Ако се има во предвид дека на ниво на Европската Унија во овој сектор работат 15.000.000 работници, секако дека потенцијалот е огромен. Европските практики за социјалните претпријатија ги препознаваат овие претпријатија како организации, кои без оглед на правната форма, како своја примарна цел го имаат остварувањето мерливи, позитивни социјално општествени влијанија, наместо создавање профит за сопствениците.

Во државата се прават напори за донесување на Закон за социјално претприемништво преку кој ќе се определи статусот на социјалните претпријатија за да можат да бидат препознаени, но и да се донесат одредени критериумите по кои ќе се добива тој статус. Откако ќе се дефинираат социјалните претпријатија и нивниот обем на работа, важно е да се работи на достапност на фондови. Со оглед на фактот дека недостасуваат финансии за започнување на социјални претпријатија, ова е една од областите во која ќе треба да се работи. Можности за поддршка би биле преку владина програма, како грантови или со надворешна поддршка. Во 2019 година основана е Мрежа на социјални претпријатија на Северна Македонија која претставува платформа за комуникација и соработка меѓу различните социјални претпријатија, поттикнува и размена на добри практики и интерсекторско поврзување. Во 2021 година донесена е Национална стратегија за развој на социјални претпријатија во Република Северна Македонија, со цел да се создаде правна, финансиска и институционална рамка за развој на социјалните претпријатија во земјата.

Црвениот крст на РСМ во досегашното дејствување бележи неколку позитивни искуства на економски активности кои се насочени кон обезбедување на средства за социјални цели. Може да се истакнат следниве примери на добра практика: Едукативниот центар „Солферино“ на Црвениот крст на град Скопје, „Копче“ – продавница за употребувана облека, Мали пакувања на шеќер за потребите на деловни субјекти, кафетерии за што работно е ангажирано лице долгорочно невработено преку Општинската организација на Црвен крст Битола, транспорт на лица кои не се во живото-загрозувачка состојба, во фаза е воспоставување на нови услуги за постарите граѓани преку сервисот Итно копче, воспоставени се социјални услуги за нега и асистенција на стари лица и лица со попреченост, се спроведуваат верификувани посебни програми за обуки со кои се опфатени долгорочно невработени лица за професионална компетенција. Црвениот крст на РСМ подготви економски пакети за испорака на социјални услуги за асистенција и нега на стари лица и лица со попреченост. За поширока промоција на овие економски активности ќе го промениме начинот на пласирање на услугите во јавноста преку примена на нови алатки и  подготовка на маркетинг стратегија.

Врз основа на искуството, како и потребата за поставување на нови иновативни пристапи за одржливост на услугите на организацијата ќе донесеме Стратегија за развој на социјално претприемништво во националното друштво која ќе ги дефинира приоритетите и ќе постави рамка за дејствување преку која ќе се поттикне интерес во локалните средини за развој на економски активности за социјални цели. Преку воспоставувањето на економски активности, општинските организации на Црвениот крст ќе воведат нови и иновативни начини за финансирање на нивното работење како основа за одржлив развој на активности и услуги. Исто така ќе инвестираме во јакнење на капацитетите на националното друштво за воспоставување и развој на економски активности кои ќе обезбедат можности за нови вработувања на ранливи целни групи население.

Ќе промовираме нови програми за претприемничка поддршка во соработка со надворешни партнери за развивање проекти за социјални иницијативи кои ќе одговараат на потребите и стратегијата на организацијата и ќе нудат иновативни решенија кои ќе бидат насочени за социјално влијание во заедниците.



**Подготовка на стратешки план за развој на социјално претприемништво**



**Подготвена програма за обука за социјално претприемништво**



**Воспоставени економски активности за социјални цели**



**Промоција на нови програми за претприемничка поддршка во соработка со надворешни партнери за развивање проекти за социјални иницијативи**

# Трансформација 10: Справување со здравствени предизвици за време на епидемии и пандемии



Епидемиите и пандемиите се едни од водечките закани за глобалната здравствена безбедност. Тие влијаат на здравјето и благосостојбата на луѓето и можат да имаат огромно влијание врз егзистенцијата на целокупното општество.

Заразните болести убиваат повеќе од 14 милиони луѓе ширум светот секоја година. Само во овој век, светот забележа смртоносни регионални епидемии на ебола, блискоисточен респираторен синдром (MERS) акутен респираторен синдром (SARS) жолта треска и др. Особено е актуелна пандемијата од Ковид-19 која предизвика значителни директни или индиректни последици врз добросостојбата на луѓето во последните неколку години. Со зголемување на бројот и сериозноста на природните катастрофи се зголемува и инциденцата од епидемии и пандемии во светски рамки.

Епидемиите започнуваат и завршуваат во заедниците. Управувањето и превенцијата на епидемиите и пандемиите е приоритет на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Здравствено превентивната програма на Црвениот крст на РСМ ги адресира здравствените приоритети на најранливите групи на население преку подигање на свеста за превенција на различни предизвици кои ги носат со себе заразните болести и давање придонес во надминување на здравствените последици предизвикани од пандемии и епидемии. На ова поле подготвени сме да го подобриме нашето влијание преку активности кои ќе се фокусираат на еднаквоста, одржливоста, квалитетот на програмата и иновациите, за да изградиме поинклузивни и одржливи здравствено превентивни програми и услуги за превенција, рана детекција и правилен и навремен одговор за време на епидемии и пандемии. Ќе ставиме посебен акцент на искористувањето на иновациите во превентивни алатки и пристапи за едукација на населението за превенција од заразни заболувања и надминување на структурни бариери, за да обезбедиме ефективен одговор при идни јавно здравствени кризни состојби.

Ќе работиме на подготовка на специфични стратегии за работа со заедниците во услови на епидемии и пандемии за да може да дадеме придонес во побрзо менување на ризичното однесување и запирање на процесот на ширење на болести. Ќе промовираме практики за намалување на ризичните форми на однесување со цел да влијаеме на однесувањето и навиките на луѓето за време и по завршување на одредена епидемија за да го намалиме ширењето и појавата на слична епидемија во иднина. Посебен акцент ќе ставиме на развој и примена на ефективни мерки за превенција од појава на епидемии и намалување на нивните последици како и предвидување и процена на ризици од потенцијални епидемии преку подготовка на оперативни планови и алоцирање на соодветни ресурси за таа намена. Ќе инвестираме во оспособување на специјализирани тимови на национално и локално ниво за превенција, одговор и опоравување од пандемии и епидемии кои ќе бидат подготвени да обезбедат соодветна поддршка за различни целни групи. Подготвени сме да обезбедиме стручна и логистичка поддршка на здравствените институции и властите во државата во однос на мобилизирање на човечки и материјални ресурси за обезбедување на ефективен одговор во услови на пандемии и епидемии.

# Трансформација 11: Намалување на последици предизвикани од климатски промени

Климатските промени се хуманитарна вонредна состојба која го загрозува опстанокот на човекот, сега и во иднина. Фреквенцијата и сериозноста на екстремните временски промени продолжува да се зголемува. Во последните 10 години, 83% од сите катастрофи поттикнати од природни причинители се предизвикани од екстремни временските услови и настани предизвикани од климатските промени, како што се поплави, топлотни бранови и бури.

1.7 милијарди луѓе ширум светот се погодени од ефектите на климатските промени во текот на последната деценија. Негативните влијанија на климатските промени се сериозна закана за физичкото и менталното здравје на населението ширум светот, а исто така, ги влошуваат постојните демографски и социо-економски нееднаквости.

Како резултат на климатските промени, Република Северна Македонија се повеќе се соочува со потопла и посушна клима што доведува до сушни периоди но и поплави. Здравствените ризици поврзани со ефектите од климатските промени може да доведат до појава на вектор преносливи болести кои се пренесуваат преку вода и намален квалитет на воздухот, болести кои се пренесуваат преку храна и други заразни болести, последици по менталното здравје, зголемена стапка на респираторни и кардиоваскуларни болести, повреди и зголемена смртност поврзани со екстремни временски услови.

Црвениот крст во рамки на делокругот на својата работа ќе имплементира програми и алатки за рано предупредување на населението за климатските промени. За интегрирано справување со климатските ризици националното друштво ќе воспостави референтен центар за климатски промени со цел детекција и навремена адаптација кон климатските промени за намалување на ризици од природни катастрофи со посебен акцент на превенција на здравствени последици предизвикани од климатските промени преку соработка со домашни и странски институции.

Ќе инвестираме во поттикнување на систематизирани активности за адаптација кон климатските промени преку водење на дијалог со властите во државата и ќе земеме учество во заеднички истражувачки активности со релевантни чинители за да обезбедиме насоки и ресурси за практични мерки кои ќе придонесат за поефикасен одговор во справувањето со климатските промени.

На полето на социјалната заштита ќе работиме на изнаоѓање и промовирање решенија кои ќе помогнат во надминување на потребите на најранливото население поврзани со климатските ризици и адаптирањето кон влијанијата предизвикани од климатските промени. Во соработка со одговорните институции во државата, меѓународни и локални партнери ќе тежнееме подобро да ги идентификуваме ризиците и ранливостите и подобар пристап за најранливото население до информации поврзани со влијанието од климатските промени и обезбедување на навремена и соодветна поддршка.

# Трансформација 12: Црвен крст како референтна и стручна организација за првата помош

Првата помош е витален иницијален чекор за обезбедување на ефикасна и брза интервенција која помага за намалување на сериозни повреди и ги зголемува шансите за преживување. Укажување на првата помош, доколку правилно се применува, може да го премости јазот помеѓу привремените или трајните повреди, брзото закрепнување или долготрајниот инвалидитет.

Црвениот крст на РСМ активно работи на подигање на свеста за значењето на првата помош, обезбедување на обуки и услуги за различни целни групи со цел да се подобри безбедноста и севкупното здравје на луѓето. Во текот на изминатите години Црвениот крст на РСМ има посветено посебно внимание на унапредувањето на наставата по прва помош, ја интензивираше соработката со компетентните научни установи во земјава, ја модернизираше опремата за изведување на настава и ја подобри методологијата на едукација и стекнување на практични вештини од областа на првата помош.

Се залагаме за постојано подобрување на квалитетот на програмите за прва помош, креирани согласно потребите на различни целни групи како деца на претшколска возраст, ученици од основните и средните училишта, кандидати за возачи на моторни возила, лица одговорни за безбедноста и здравјето на работното место, лица со посебни потреби, итн.

Во текот на следниот петгодишен период националното друштво ќе се насочи кон унапредување на знаењата и вештините на волонтерите и вработените за ефикасен одговор при кризи и секојдневни ситуации преку воведување на систематизиран пристап за едукација по прва помош. Со тоа индиректно во заедниците ќе имаме оспособени лица со вештини и знаења кои ќе бидат во можност да обезбедат ефективен и ефикасен одговор при итни состојби.

Со цел да обезбедиме квалитетна и научно базирана едукација по прва помош ќе воспоставиме Стручен центар за прва помош кој ќе работи на развивање и унапредување на првата помош преку донесување на политики, нови програми, наставни содржини, литература, следење на новини во областа на првата помош.

Црвениот крст на РСМ ќе се стреми овој центар да прерасне во Референтен центар по прва помош во државата кој ќе развива политики, алатки и лиценцирани програми за обуки за различни целни групи на население како и обуки по прва помош за институции одговорни за кризен менаџмент во државата.

Итната медицинска помош е од суштинско значење за обезбедување на соодветна здравствена заштита за населението. За таа цел Црвениот крст на РСМ во соработка со Министерство за здравство ќе иницира воведување на посебна програма за оспособување и работа на парамедици како дел од мобилните тимови на Црвен крст на РСМ како и поддршка на службите за итна медицинска помош.

Црвениот крст на РСМ ќе работи на воведување на дигитални решенија за обуки по прва помош за различни целни групи со што ќе се овозможи нивна поголема и полесна достапност до населението. Со обезбедувањето на лесно достапна, квалитетна и научно базирана едукација по прва помош ќе придонесеме за градење на сигурни и здрави заедници преку превенирање и редуцирање на ризиците во секојдневните несреќи и катастрофи.

Црвениот крст на РСМ дава посебен придонес во промовирање на првата помош во образовните институции каде уште од најмлада возраст ги учиме младите како правилно да укажуваат прва помош. За младите организираме  општински и национални натпревари по прва помош со цел уште повеќе да ја подигнеме нивната свест и да ги унапредиме нивните знаења по прва помош. Првата помош е непроценлива животна вештина која младите треба да ја надградуваат во текот на животот. Во претстојниот период посебно важна област во која Црвениот крст на РСМ ќе инвестира е интегрирање на првата помош во образовниот процес на децата и младите во градинките, основните и средните училишта. Овозможувањето на децата и младите да учат и да дадат прва помош претставува важен предуслов за побезбедно опкружување и градење на безбедни заедници за сите граѓани. Воведувањето на прва помош во наставната програма ќе се спроведува преку релевантни образовни програми согласно интелектуалните, социјалните и бихевиоралните способности на децата. Со овие обуки децата ќе развијат знаења и вештини од различни области на прва помош.

Ќе инвестираме во воспоставување на формална рамка за интегрирање на специјализирани услуги на Црвениот крст во областа на првата помош и психосоцијалната поддршка како дел идните законски решенија за кризен менаџмент.

## Трансформација 13: Промоција на менталното здравје

Активностите за ментално здравје во рамките на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина се насочени кон обезбедување пристап, поддршка и грижа за лицата со психо-социјални потреби, заштита на безбедноста, достоинството и правата на луѓето, адресирање на стигма, исклученост и дискриминација кај луѓе со психо-социјални потреби, имплементација и развој на интервенции засновани врз меѓународно признати стандарди и практики, грижа за ментално здравје за вработени и волонтери и надградба на капацитетите на човечките ресурси за ментално здравје и психо-социјална поддршка. Заштитата на менталното здравје и психо-социјалната поддршка се дел од активностите на Црвениот крст на РСМ во изминатиот период, но не се системски издвоени. Во претстојниот период Црвениот крст на РСМ, преку ново-воспоставениот центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка, своите активности ќе ги насочи во неколку клучни области.

Решени сме да работиме на развој на внатрешни механизми за обука на волонтери и вработени во Црвен крст со цел да се обезбедат потребните знаења и вештини за справување со стресни ситуации, лична грижа и барање поддршка во случај на потреба. Посебен акцент ќе се стави на оспособување на менаџерите и лидерите за намалување на стресот во работното опкружување. Ќе се стремиме нашите вработени и волонтери да ги поседуваат неопходните компетенции и вештини да бидат во можност да ја обезбедат потребната поддршка за лица со психо-социјални потреби. Во претстојниот период ќе работиме на развивање на систем за супервизија за обезбедување на заштита и поддршка на волонтерите и вработените во организацијата.

Посебен акцент ќе ставиме во креирање на посебна програма за обука на вработени за испорака на психолошко советување на граѓаните. Со цел за одржливост на активностите, психолошките совети ќе се нудат како економски услуги. Лицата кои ќе ги испорачуваат овие услуги, ќе бидат под супервизија со цел да се обезбеди квалитет на услугите.

Ќе работиме на обезбедување на психо-социјална поддршка при кризи со цел да дадеме придонес во опоравувањето на населението после доживеани вознемирувачки настани. Активностите на овој план ќе ги реализираме преку обезбедување на соодветна прва психолошка помош, советување, психо-социјална поддршка, опоравување и зајакнување на отпорноста на погоденото население и упатување за обезбедување на соодветна стручна помош доколку е потребна. Во таа насока планираме да формираме психо-социјални интервентни тимови кои ќе ја обезбедуваат потребната поддршка при кризни состојби.

Црвениот крст вршејќи ја својата помошна улога на државните институции, ќе работи и на обезбедување на соодветна поддршка на полето на ментално здравје за различни чинители и даватели на услуги во системот за кризен менаџмент на Република Северна Македонија. Поддршката ќе биде насочена за лица кои се вклучени во операции за обезбедување итна помош на лица погодени од кризи и кризни состојби, во форма на развој на програми и обуки за справување со вознемирени лица, менаџирање на стрес, справување со стресни состојби при кризни ситуации, зајакнување на капацитети за справување и други интервенции. Со цел одржливост на активностите за ментално здравје, Црвениот крст ќе подготви посебна програма – пакет на обуки наменети за институции, организации за зајакнување на отпорноста за заштита од различни состојби на менталното здравје, кои ќе се нудат како економски активности.

Преку центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка ќе работиме на воведување на услуги на Црвениот крст за различни целни категории во доменот на менталното здравје. Ќе ги поттикнуваме властите и одговорните чинители да го препознаат значењето на менталното здравје и психо-социјалната поддршка преку усогласување на националната нормативна рамка со меѓународни стандарди и практики за обезбедување на соодветна и квалитетна грижа при кризни состојби.



# Трансформација 14: Нов концепт за мотивација за доброволно крводарителство

Во рамки на трансформацискиот процес националното друштво ќе работи на воведување на нов концепт за мотивација за доброволно крводарителство со цел да ги зајакнеме постојните материјални и човечки капацитети во обезбедување на ефикасни и квалитетни услуги во областа на крводарителството. Крводарителството во Република Северна Македонија е од посебно општествено значење. Во рамките на своите надлежности и законски овластувања, Црвениот крст на РСМ е одговорен за промовирање и организирање на крводарителски акции во државата. Обезбедувањето на потребните количества на крв и крвни компоненти во голема мера зависи од напорите за поттикнување националната свесност за важноста на крвта со цел да се обезбеди висок степен на мотивираност на граѓаните да даруваат крв преку правилна и насочена здравствено-воспитна и мотивациска активност.

Мотивирањето на луѓето да даруваат крв е одговорна и континуирана задача која инкорпорира различни активности со цел да се влијае врз промена на човековите ставови и однесувања и да се мобилизираат нови крводарители. Црвениот крст на РСМ е посебно активен во подигнувањето на свеста за значењето на доброволното крводарителство меѓу општата популација и во работата со различни целни групи, со формирање на позитивни ставови кај луѓето за крводарителство и мотивирање на луѓето активно да учествуваат во крводарителството.

Во претстојниот петгодишен период посебно внимание ќе посветиме на унапредување на мотивациските аспекти на полето на крводарителството со цел да влијаеме на мобилизирањето и задржувањето на доброволните и неплатени крводарители. Особено планираме да ги прошириме нашите активности преку промовирање на нови форми на врсничката едукација во образовните институции. Со новиот концепт за мотивација за крводарителство ќе инвестираме во едукација и оспособување на стручни кадри кои во соработка со поискусните мотиватори и организатори на крводарителски активности ќе оспособуваат едукатори за нови мотиватори за доброволно крводарителство.

Ќе работиме на промовирање на хуманите аспекти на значењето на крводарителството како основни вредности на чинот на крводарување наспроти промовирање на бенефиции. Ќе инвестираме во воспоставување на редовни комуникациски канали за подобро запознавање на крводарителите со придобивките кои ги носи крводарителството во однос на зачувување на сопственото здравје и здравјето на другите луѓе, како и нивно информирање за разни аспекти поврзани со крводарителството во нашата земја.

Посебен акцент во процесот на трансформации ќе се стави на инкорпорирање на дигиталните технологии и социјалните мрежи во промовирањето и мотивирањето на луѓето за доброволно крводарување. Во претстојниот период ќе работиме на интегрирање на нови дигитални апликации и софтверски решенија за крводарителство со цел да овозможиме поголема, побрза и полесна достапност на информации за крводарителство.

# Трансформација 15: Справување со растечки предизвици на полето на подготвеност и одговор при катастрофи

Катастрофите како резултат на екстремните временски прилики и нарушувања на климата / животната средина ќе бидат се почести. Сложените геополитички и економски фактори исто така придонесуваат во предизвикувањето хуманитарни кризи кои стануваат долготрајни. Зголемувањето на густината на населението во градските опкружувања и миграциите носат најразлични предизвици и потенцијални катастрофи (сеизмички случувања или временски неприлики или појава на заразни болести) со потенцијално големо влијание врз населението. Влијанието на катастрофите врз развојот на општеството е евидентно. Иако бројот на смртни случаи од катастрофите се чини дека се намалува со текот на времето, бројот на засегнатите лица и економските загуби сеуште се зголемуваат експоненцијално. Затоа е потребно да се преземат решителни акции за намалување на ризиците од катастрофи бидејќи катастрофите имаат  разурнувачки ефекти врз локалните средства за егзистенција и значително го попречуваат напорно стекнатиот напредок во развојот.

Честото ангажирање на Црвен крст на РСМ во справувањето со кризите и катастрофите во државата, наметнува потреба од редефинирање на улогата на организацијата во системите за управување со кризи и заштита и спасување во државата согласно со овластувањата, одговорностите и капацитетите на националното друштво, како и политиките и стратегиите на одговорните институции задолжени за кризен менаџмент во државата. Црвениот крст на РСМ поседува стручност и знаења во различни сегменти на обезбедување на ефикасна подготвеност, одговор и опоравување од катастрофи и е една од водечките организации во земјата која обезбедува услуги за погодено население од природни катастрофи и други хуманитарни кризни состојби.

Во процесот на трансформации на националното друштво, активностите за подготвеност и одговор при катастрофи ќе бидат насочени во неколку клучни области кои треба да дадат посебен придонес во градење на одржлив и ефикасен систем за менаџирање на катастрофи.

Нашиот фокус во текот на следната деценија ќе биде на активности за ублажување на слабостите и недостатоците кои произлегуваат од сите видови на кризи и катастрофи за луѓето, особено најранливите, со цел да се овозможи просперитет и напредок на населението. Ќе работиме ефикасно да ја користиме технологијата и иновациите за да ги предвидиме ризиците и катастрофите и да обезбедиме проактивно, рано делување и предвидливо финансирање.

Посебен акцент во претстојниот период ќе ставиме на редефинирање на програмата за подготвеност и одговор при катастрофи со цел да ја реструктуираме нашата внатрешна поставеност, да ги ревидираме постојните предизвици како и можностите кои се достапни во рамки на организацијата и општественото опкружување за да обезбедиме континуиран, ефикасен и систематизиран одговор и поддршка за целните заедници и партнерски институции кои се дел од системот за управување со кризи.

Поучени од лекциите од минатото и детектираните недостатоци во обезбедувањето на сеопфатен одговор на кризните состојби, подготвени сме да инвестираме во дополнителни капацитети кои ќе ни овозможат да останеме лидерска организација во земјата во однос на организирање, прибирање и распределба на хуманитарна помош во државата. Исто така ќе работиме на унапредување, промовирање и етаблирање на систем за прибирање и организирање на испраќањето на хуманитарна помош при катастрофи во други држави, во чии рамки Црвениот крст на РСМ ќе ја има водечката улога.

Преку нашата мрежа, ќе продолжиме да ја зајакнуваме нашата способност да ги намалуваме ризиците, да преземеме рана акција и да одговориме на кризи преку градење силни капацитети за подготвеност и одговор преку користење на сите достапни национални и меѓународни механизми за поддршка. Ќе инвестираме во разбирање и решавање на основните причини за случувањето на кризите, појавата на ризиците и ранливостите, интегрирање на етички и принципиелни пристапи за да се обезбеди опстанок, одржливост и благосостојба на човештвото и екосистемот на нашата планета.

Посебен акцент ќе ставиме на развој на програми и модули за обука за подготвеност и одговор при катастрофи со цел да воспоставиме одржлива рамка за градење на капацитетите на нашите специјализирани тимови кои делуваат во локалните заедници.

Ќе дадеме придонес во воспоставување на ефикасен систем за рано предупредување и проценка на ризици за намалување на ефектите од можни катастрофи и кризни состојби во државата користејќи ги искуствата на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Во соработка со локалните самоуправи и други локални чинители активно ќе работиме на градење на капацитети за одговор на катастрофи и кризни состојби преку формирање и обука на заеднички тимови со цел да се обезбеди навремена и непосредна поддршка при случувања на итни состојби на локално ниво.

Ќе ги продолжиме нашите напори за воспоставување на ефикасен систем за обезбедување на хуманитарна помош во форма на стокови резерви кои ќе бидат достапни во случај на поголема несреќа или катастрофа.

Подготвени сме да ја понесеме водечката улога во дистрибуција и менаџирање на хуманитарна помош обезбедена од различни меѓународни партнери вршејќи ја нашата помошна улога на властите во државата.

Посебен акцент ќе ставиме на градење на капацитети и воспоставување на систем за обезбедување на психолошка поддршка во случај на катастрофи, наменета за партнерски организации кои учествуваат во операциите како и погодено население од катастрофите.

Ќе инвестираме во понатамошно структурирање и техничко опремување на националниот тим за прва помош преку обезбедување на ресурси и градење на база на обучени поединци и тимови кои ќе бидат на располагање да се стават во функција при поголема катастрофа или итна состојба.

Ќе инвестираме во воспоставување на формална рамка за интегрирање на специјализирани услуги на Црвениот крст во областа на првата помош и психо-социјалната поддршка како дел идните законски решенија за кризен менаџмент.

# Трансформација 16: Воспоставување на професионална служба за безбедност на вода

Како одговор на честите несреќни случаи на отворени и затворени капалишта во нашата земја во средината на минатото столетие, Црвениот крст започна со спроведување на активности за безбедност и спасување на вода со цел да се подигне јавната свест за безбедно користење на водени површини како и обезбедување на спасители. Во почетокот на 90-те години Црвениот крст станува полноправна членка на Меѓународната Федерација за Спасување на Вода. Низ годините националното друштво врши едукација на населението и обука на спасители на отворени и затворени води и преку тимовите за спасување учествува во голем број на спасителни акции со кои се спасени многу животи.

На територијата на Република Северна Македонија делуваат центри за безбедност на вода каде секоја година се одржуваат обуки за спасители на отворени и затворени води, со цел обезбедување на стручни лица за помош на давеници на отворени и затворени капалишта во Република Северна Македонија. Во просек на годишно ниво Црвениот крст на РСМ обезбедува околу 100 спасители на отворени води и околу 40 спасители на затворени води кои имаат во просек 120 успешни интервенции врз активни давеници и преку 2000 најразлични интервенции на укажување на прва помош.

Во рамките на процесот на промени националното друштво ќе презема адвокативни активности за подготовка на нормативна рамка од страна на Државата, врз основа на која ќе се работи на трансформирање на Центрите за безбедност на вода во служби за спасување со цел да се обезбеди поефикасно и одржливо работење преку воспоставување на професионална служба за спасување.  Исто така ќе работиме на иницирање на нормативни внатрешни решенија кои ќе овозможат функционално и одржливо работење на службите и зголемена безбедност за граѓаните на капалиштата ширум земјата.

Ќе инвестираме во воведување на нови модели за едукација на младата популација за надминување на предрасудите и стравовите при престој и користење на водени површини и справување со безбедносни ризици.



**100 спасители** на отворени води

**40 спасители** на затворени води



преку **2000 интервенции**
за укажување на прва помош

## **Трансформација 17:** Промоција на модел за спасување и безбедност на планина

Развојот на планинскиот туризам и планинските спортови (рекреативно планинарење, алпинизам, спелеологија, спортско качување, скијање и др.) во Република Северна Македонија наложува и се поголема потреба од подобрување на безбедноста на луѓето кои спортуваат и се рекреираат на планина.

Црвениот крст на РСМ низ годините се издвојува како една од организациите во државата која е подготвена и прави позитивен исчекор во обезбедување на услуги за безбедност на планина преку свои специјализирани тимови кои се стручно оспособени за укажување на прва помош и спасување. На територијата на Република Северна Македонија делуваат три спасителни станици за безбедност на планина во Охрид, Битола и Скопје, како дел од локалните капацитети на ЦКРСМ, засновани на волонтерство, стручност и хуманост, односно развивање и негување на чувството и желбата на волонтерите да помагаат на лица на кои им е потребна помош при престој и посета на планински средини. Прашањето и работата на специјализирани спасителни служби во државата не се сеуште уредени и покрај евидентната потреба за постоење на вакви служби.

Како организација ќе се залагаме пред надлежните институции во државата за воведување на систематизирано решение за воспоставување на спасителни служби чија основна цел ќе биде помош и спасување на луѓето во непристапни, планински и урбани услови а дополнително ќе бидеме активни и на полето на едукација, превенција, спречување и избегнување на несреќи.

Планинските спасителни служби се добар модел каде стручноста, препознавањето на потребите, придобивките од вмрежувањето и ентузијазмот се црпат од планинарските друштва, а логистичката поддршка доаѓа од општинските организации на Црвен крст. Овој модел има потенцијал да се реплицира во останатите региони на државата, како модел кој овозможува рационално да се искористат добрите страни на планинарските и на останатите друштва чија експертиза е поврзана со подготвеноста и одговорот при катастрофи, а воедно Црвениот крст да не треба во целост да ги обезбедува човечките и материјалните капацитети од сопствените редови.

## **Трансформација 18:** Зелена организација

Црвен крст на Република Северна Македонија континуирано го следи трендот на најновите достигнувања во екологијата со цел имплементирање и примена на мерки кои обезбедуваат поздрава и почиста животна средина и спречување на штетните влијанија врз околината и зголемување на енергетската ефикасност. Ја следиме стратегијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2030 година според која заштитата на животната средина подразбира дејствување првенствено преку енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, избор на енергенси и современи технологии поволни од аспект на животната средина, квалитетно законодавство и мониторинг, образование и јавна свест, како и промовирање на позитивни примери. Делувањето на овој план Црвениот крст на РСМ ќе ги насочи кон повеќе активности со кои ќе дадеме активен придонес во севкупните напори за заштитата на животната средина.

Ќе се стремиме да интегрираме извори на енергија на сите објекти со цел да генерираме целосно обновлива енергија која не ја загадува природата. Ќе се трудиме да го намалиме јаглеродниот отпечаток од нашите возила со тоа што ќе промовираме користење на превозни средства со кои ќе го зголемиме нашиот импакт на превенција на загадувањето на животната средина.

Во нашето работно опкружување ќе промовираме рециклирање на различен отпаден материјал за да дадеме придонес кон намалување на потрошувачката на нови суровини што ќе резултира со намалено користење на енергијата, намалување на загадувањето во воздухот и во водата. Ќе инвестираме во дигитализација на целокупното административно и архивско работење со цел намалување на  употребата на хартија.

Посебен акцент ќе ставиме на вмрежување со други зелени организации со  цел да промовираме активности за заштита на животната средина преку еколошки акции, едукации за подигање на свеста, јавни кампањи итн.

## Трансформација 19: Финансирање и финансиска одржливост



Да се биде финансиски одржлив значи да се размислува за сите аспекти на организацијата и да се идентификуваат најдобрите капацитети или способности на организацијата да генерира доволно ресурси за работа за остварување на визијата. Преку обезбедување на финансиска одржливост, Црвениот крст на РСМ се стреми да обезбеди палета на извори за генерирање приходи.

За таа цел организацијата подготвува сеопфатни стратешки, акциски и финансиски планови и има воспоставен соодветен финансиски систем кој се потпира на отчетното финансиско работење, добриот имиџ кој го ужива во општественото опкружување и втемелените вредности кои се основа за работата на Црвениот крст. Генерирањето на фондови е еден од суштинските аспекти за обезбедување одржливост во работењето и претставува само една од комплементарните компоненти за успешност во работењето, како што се способноста на организацијата за идентификување на можности за дејствување, способност да привлече, раководи и да задржи компетентен човечки потенцијал, адекватна финансиска инфраструктура, демонстрирање ефективност и влијание во насока на зголемување на ресурсите, како и обезбедување поддршка од заедниците и нивна вклученост во активностите.

Црвениот крст на РСМ се финансира од различни извори како што се членарина, Закон за Црвен крст, игри на среќа, програма за унапредување на крводарителство, обуки за прва помош на кандидати за возачи и работни организации, услуги за ранливи категории на население финансирани од Министерство за труд и социјална политика и средства за проектна и програмска поддршка од партнерски организации за реализација на заеднички активности.

Во насока на обезбедување на финансиска одржливост на организацијата, Црвениот крст на РСМ во претстојниот петгодишен период ќе инвестира во изнаоѓање на нови извори за финансирање со цел да се обезбеди непречено функционирање и имплементирање на програмски и проектни активности за различни целни групи.

За да се зајакнат капацитетите за мобилизирање на фондови во националното друштво, Црвениот крст на РСМ  ќе вложува напори за градење на довербата на партнерите без разлика дали тие се поединци, владини институции, меѓународни организации и агенции, компании и други чинители. Довербата се потпира на внатрешните вредности на организацијата како што се отчетноста и транспарентноста во работата на кои ќе посветиме особено внимание преку одговорно и рационално работење со финансиските средства доделени за спроведување на нашите активности.

Посебен акцент ќе ставиме на унапредување на соработката со корпоративниот сектор на национално и локално ниво за воспоставување на долгорочни партнерски релации за имплементација на заеднички иницијативи. Во таа насока ќе инвестираме во развивање на соодветни човечки ресурси во Црвениот крст за соработка со корпоративниот сектор кои ќе поседуваат соодветни знаења и вештини за искористување на можности за имплементирање на општествено одговорни иницијативи во локалните заедници.

Ќе градиме тимови во локалните ограноци на Црвениот крст за изработка на квалитетни проекти за аплицирање  до национални и меѓународни фондови како што се фондовите на Европската унија.

Во однос на децентрализацијата на власта во државата која е во тек, поврзана со пренесување на нови надлежности и значителни финансиски средства на локалните самоуправи за обезбедување поквалитетни услуги за граѓаните, Црвениот крст на РСМ ќе работи на поттикнување и јакнење на соработката за поддршка на иницијативи, како и воспоставување на долгорочна партнерска соработка преку препознавање на вредностите на организацијата за приближување до граѓаните во заедниците, но во исто време и подобрување на услугите и зголемување на  квалитетот на живеење.

Со цел да се генерираат приходи од повеќе извори за реализирање на активности, посебно внимание ќе посветиме на воведување на  нови  форми и начини за обезбедување средства преку спроведување на економски активности наменети за социјални цели, како што се  социјални услуги за ранливи категории на население, обуки за стекнување на соодветни компетенции, транспорт на лица кои не се во живото-загрозувачка состојба, отворање на социјални претпријатија и сл. Овие форми на обезбедување средства се во иницијална фаза па затоа ќе се стремиме кон нивно промовирање, препознавање и примена во целата организација.

Црвениот крст на РСМ во досегашниот период правеше напори за унапредување на финансискиот менаџмент во националното друштво за што беа спроведени конкретни активности кои непосредно влијаеја во  развојот на финансиското работење. Поставена е основа за следење и управување со финансиите, за што Црвениот крст во наредниот период треба да обезбеди надградување на капацитетите во националното друштво на сите нивоа, со што ќе се овозможи костефективно и одговорно финансиско работење.

Ќе работиме на континуирано унапредување на знаењата и вештините на управната структура за финансиски менаџмент која што вклучува финансиско планирање, организирање, насочување, контролирање и известување на финансиските активности и процеси. Посебен акцент ќе ставиме во унапредување на механизмите на внатрешна и надворешна контрола со цел да се обезбеди отчетно и транспарентно прикажување на финансиските резултати во работењето.

Со цел ефикасна и ефективна обработка на податоци, проток на информации, следење на новини, ќе инвестираме во сеопфатно дигитализирање на финансиското работење во националното друштво преку примена на електронски алатки за аплицирање и известување како и градење на институционална меморија односно воспоставување на база на податоци и документирање на финансиско-административното работење.

# Трансформација 20: Системски пристап во промоција на меѓународното хуманитарно право

Меѓународното хуманитарно право (МХП) е збир на правила кои имаат за цел од хуманитарни причини, да ги ограничат ефектите од вооружениот конфликт врз луѓето и објектите. Почитувањето на МХП спасува животи, го намалува човечкото страдање и обезбедува заштита на човековото достоинство. Движењето на Црвениот крст е главен афирматор и чувар на МХП насекаде низ светот.

Во процесот на трансформации Црвениот крст на РСМ ќе инвестира во градењето на одржлив и референтен систем за промоција, проучување и унапредување на Меѓународното хуманитарно право доследно на препознаената улога на организацијата. Системот кој ќе го градиме ќе се базира на воспоставување на правна клиника за изучување и афирмација на МХП обединувајќи ги научните елити од областа на правото, безбедноста, воените науки и дипломатијата. Овој систем треба да понуди еден поинаков пристап во работењето во оваа област а за кој силно веруваме дека ќе биде позитивно препознаен од страна на државата и пошироко. Правната клиника покрај обединувањето на научната фела ќе биде во постојана комуникација и координација со Националниот комитет за меѓународно хуманитарно право кое претставува владино тело кое се занимава со наведената проблематика.

Преку овој пристап ќе понудиме палета на активности, програми и проекти базирани на современи методи, квалитетни и ажурирани информации достапни пред се за стручни лица во безбедносниот и воениот сектор и за државните и локалните власти, релевантните општествени чинители како и студенти и млади како посебна група во фокусот на оваа област. Нашата цел е Црвен крст на РСМ да ја прокламира својата референтна улога во афирмација на Меѓународното хуманитарно право кое ги поставува границите на војувањето што ја истакнува суштествената премиса на целта на Движењето кое се роди од војната.

**Движењето на Црвениот крст е главен афирматор и чувар на МХП насекаде низ светот.**

**Воспоставување на правна клиника за изучување и афирмација на МХП обединувајќи ги научните елити од областа на правото, безбедноста, воените науки и дипломатијата.**

**Обезбедување на активности, програми и проекти достапни пред се за стручни лица во безбедносниот и воениот сектор и за државните и локалните власти, релевантните општествени чинители како и студенти и млади како посебна група.**

# Трансформација 21: Промоција на хумани вредности

Промоцијата на хумани вредности е составен дел од дисеминацијата за Движењето на Црвениот крст, но и од особено значење за остварување на мисијата и визијата на Црвениот крст и фундаменталните принципи. Улогата на Црвениот крст во градење на општествена култура која се базира на позитивни хумани вредности е препознаена насекаде во светото вклучувајќи ја и нашата држава. Црвениот крст на Република Северна Македонија е препознат како активен чинител и партнер во негување на позитивни вредности меѓу населението со посебен фокус на млади од страна на многу државни институции, меѓународни владини и невладини организации, а најмногу од самата заедница во која делува. Сакаме да продолживме со градењето на инклузивни и хумани заедници кои ќе почиваат на принципите на заедништво, солидарност и хуманост, незаборавајќи ги и водејќи грижа за најранливите меѓу нас.

Нашата визија е да дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

Живееме во свет во кој постојано се случуваат катастрофи и меѓународни и локални судири кои предизвикуваат невидени страдања на цивилното население и други категории на ранливо население. Црвениот крст важи за еден од најважните чинители кои посветено работат на обезбедување на поддршка за најранливото население. Токму затоа дисеминацијата претставува најважната стратегиска комуникациска алатка за промовирање на работата на Црвениот крст и хуманите вредности. Затоа механизмите на дисеминација и промоција на хумани вредности и понатаму ќе останат во главен фокус на работењето, а притоа ќе се грижиме за нивно постојано унапредување, иновирање и прилагодување за различни таргет групи во општеството.

Ќе работиме на зајакнување на постојниот дисеминациски модел за работа со младите кој има за цел промоција на културата на дијалог, поврзување на дисеминацијата и хуманитарни акции, регрутирање на нови волонтери во Црвениот крст преку промоција на хумани вредности, промовирање на културата како систем од вредности и промовирање на активен приод кон животот.

Нашиот континуиран фокус за трансформација во текот на претстојните години ќе биде на заштита и промовирање на позитивна промена за човештвото, заснована на хуманитарни вредности и принципи. Ќе се фокусираме на иницијативи што промовираат вклучување и разновидност во обезбедување можности, застапеност и донесување одлуки, како во рамките на нашата организација, така и во заедницата.

- Креирање на модули за промоција на хумани вредности до различни таргет групи
- Воведување на дигитални решенија за промоција
- Институционално препознавање на ЦКРСМ во поглед на промоцијата на хумани вредности

# Трансформација 22: Планирање, мониторинг и евалуација како средства за успешен развој

Планирањето, мониторингот и евалуацијата се тесно поврзани процеси кои влијаат на севкупниот развој на организацијата. Преку мониторингот на нашите активности на систематизиран начин ги собираме, анализираме и користиме информациите поврзани со напредокот на нашите програми кон постигнување на зацртаните цели. Преку редовната евалуација вршиме процена на нашите активности, проекти, програми, стратегии, политики и севкупните остварени резултати на локално и национално ниво. Наодите од овие процеси ги користиме за нашите краткорочни и долгорочни планирања со цел да ја придвижуваме нашата организација во посакуваната насока. Овие алатки ни се исто така посебно важни да ја следиме успешноста на нашите интегрални единици и да ги трасираме следните чекори на патот кон успешно трансформирано и модерно Национално друштво.

Нашата организација се издвојува како една од водечките национални друштва во Движењето кое низ годините има инвестирано големи напори во интегрирање на планирањето, мониторингот и евалуацијата во секојдневната работа. Со цел да обезбедиме поткрепа на севкупниот трансформациски процес во организацијата во претстојниот петгодишен период посебен акцент ставаме и на усогласување и обезбедување на пакет на мерки и активности кои ќе имаат за цел дополнително да го зајакнеме нашето планирање, следење на перформансите во работење и континуирана евалуација на остварените резултати кои ќе го насочуваат развојниот процес и ќе претставуваат контролни средства за нашето раководство и управа.

Ќе се редефинираат стандарди и критериуми кои од една страна ќе бидат водич за планирањето и имплементацијата на активностите на локално ниво, а од друга страна истите ќе бидат усогласени со актуелните потреби и можности за дејствување на локално ниво. Преку ваквиот пристап постојано ќе бидеме во тек до која мера се исполнуваат целите, значително се зајакнува транспарентноста и отчетноста, се овозможува носење на правилни одлуки а истовремено се гради основа за подобро планирање и подготвување на идни програми, имајќи ги во предвид научените лекции и искуствата од минатото. Ќе работиме на воведување на нов модел на планирање кој ќе претставува рамка и норми за деловните перформанси на нашите интегрални единици со цел да обезбедиме можност за развој, компетитивност и подобро следење и оценување на успешноста на раководните и управни структури на локално и национално ниво.

Суштински предуслов за континуиран развој е постојано да се согледуваат тековните состојби и да се преземаат соодветни мерки кои ќе ги рефлектираат новите трендови во работењето со цел да се овозможи соодветен развој на организацијата на локално и национално ниво. Тоа ќе го постигнеме со воведување на нов систем за мониторинг и евалуација кој ќе обезбеди еден стандардизиран пристап на планирање и отчетност а со тоа севкупното работење и реализирање на програмите ќе биде поадаптивно и поефикасно.

Ќе се стремиме кон создавање на една нова организациска култура преку поттикнување и формирање нови навики и јакнење на капацитетите, како човечки така и технички. Ќе го утврдуваме развојот и недостатоците во работата на Централната канцеларија и локалните организации преку континуирано следење на имплементацијата на програмите и политиките преку различни форми и алатки чија функционалност редовно ќе се анализира со цел подобрување на истата. Анализите од евалуациите пак ќе не насочат кон детектирање на мерки и препораки со цел надминување на одредени недостатоци или негативни трендови во работењето што ќе биде основата за ефикасно трансформирање, реорганизација и надградба на капацитетите на националното друштво.

Ќе ги дигитализираме процесите на мониторинг и евалуација постепено воведувајќи електронски формати на алатки и платформи за известување, следење, планирање и споделување на практики што ќе доведе до воспоставување на софтвер кој ќе ги интегрира електронските алатки и значително ќе го подобри системот за повратни информации и ќе ги зголеми можностите и потенцијалите за развој и трансформирање преку поефективно и побрзо изнаоѓање решенија за предизвиците и поефикасно планирање на идните активности според потребите и локалниот контекст. Со предвидениот модел на добро-функционирачка локална организација ќе промовираме стандардизиран пристап на работењето кој ќе предвиди и категоризација на локалните организации, редефинирање и регионализација на дејностите што дополнително ќе придонесе за посоодветни, поефективни и поадаптивни програми и услуги.

Со воведување на нов сектор во Централната канцеларија на Црвен крст на РСМ ќе ги интегрираме мониторингот и евалуацијата со финансиската ревизија со што ќе се имплементираат стандарди и воведуваат навики кои ќе градат доверба и одговорност и ќе поттикнуваат поголема ефикасност но и мотивација во работењето.

Очекуваме дека преку новиот систем за планирање, мониторинг и евалуација, ќе ги унапредиме нашата транспарентност и отчетност, полесно ќе ги идентификуваме и ќе се справуваме со предизвиците во работењето, поефективно ќе ги користиме нашите ресурси, ќе учиме од направените грешки, ќе го подобриме процесот на носење на одлуки, ќе бидеме подобро организирани, ќе ги реплицираме добрите практики и искуства и ќе поттикнеме иновативност.



Усогласување и обезбедување на пакет на мерки и активности за зајакнување на нашето планирање, следење на перформансите и континуирана евалуација на резултатите.

Редефинирање на стандарди и критериуми и усогласување на истите со актуелните потреби и можности за дејствување на локално ниво.

Создавање на нова организациска култура преку поттикнување и формирање нови навики и јакнење на капацитетите.

Дигитализирање на процесите на мониторинг и евалуација воведувајќи електронски формати на алатки и платформи за известување, следење, планирање и воведување на практики.

# Трансформација 23: Хуманитарна дипломатија

Основната цел на хуманитарната дипломатија е преку претставниците на владините институции, меѓународни организации, хуманитарни организации, невладини организации и други чинители во општеството да се заштити добросостојбата и дигнитетот на луѓето на кои им се загрозени основните човекови права и слободи. Хуманитарна по својот карактер, се реализира преку градење на одржливи односи, билатерални и мултилатерални, официјални и неформални, и има за цел да влијае врз носителите на одлуки и други чинители кои играат важна улога во креирањето на јавното мислење со намера да се подобри животот и интересите на ранливото население со целосно почитување на основните хуманитарни принципи и вредности.

Една од главните цели на Црвен крст на РСМ на ова поле ќе биде промовирање на ефикасни партнерства при спроведувањето на активности за одговор на потребите на ранливото население. Преку градење на соодветни капацитети ќе се трудиме хуманитарната дипломатија да биде интегрален дел од нашата секојдневна работа. Хуманитарната дипломатија ќе ја развиваме како средство за адвокативност, преговори, комуникации, формални договори и други мерки кои ќе бидат потребни за остварување на нашите цели.

Посебен акцент ќе ставиме на убедување на носителите на одлуки да делуваат во интерес на ранливото население за да може подобро да се справиме со хуманитарните предизвици во нашето опкружување. Преку формирање на стручни работни групи, организирање на тркалезни маси, форуми и подготовка на соодветен информативен материјал ќе се заложуваме и ќе промовираме заштита и почитување на правата на најзагрозените целни групи со цел да им се обезбеди подостоинствен и побезбеден живот.

Ќе работиме на надградување на нашите капацитети врз основ на добри практики, стратегии и знаења кои ќе ни помогнат да ги подобриме нашите пристапи и делувања на полето на хуманитарна дипломатија со цел го зајакнеме нашиот интегритет и партнерски односи со владини и невладини чинители во обезбедување на соодветна грижа, заштита и права на луѓето кои се соочуваат со исклучителни хуманитарни предизвици. Посебен акцент на овој план ќе ставиме на инкорпорирање искуства и добри практики од претставници на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина и други меѓународни и домашни организации за да бидеме во чекор со предизвиците и да може да обезбедиме соодветен одговор на приоритетните потреби на целните групи.

Нашиот фокус во сферата на хуманитарната дипломатија пред се ќе биде насочен во подобрување на животот на лица кои се нашле во незавидна состојба како резултат на природни катастрофи, војни, судири, обесправеност и повреда на основни права на луѓето како резултат на прекршување на правилата на меѓународното хуманитарно право. Во соработка со надлежните институции ќе тежнееме да се подобрат нормативните и законски решенија кои ја уредуваат оваа проблематика во државата како и нивната доследна примена.

# Трансформација 24: Одговор на хуманитарните предизвици поврзани со миграции



Во светот денес има речиси 280 милиони мигранти. Приближно 90 милиони луѓе на крајот на 2021 година се регистрирани како насилно раселени лица како последица на судири, насилство, судски прогон, повреда на човекови права или  како резултат на нарушен јавен ред и мир во земјата. 27 милиони од овие лица се категоризирани како бегалци а 4.6 милиони лица со статус на баратели на азил. Исто така околу 24 милиони лица истата година се раселени и морале да ги напуштат своите домови како резултат на природни катастрофи. Миграциите и раселувањето претставуваат едни од најголемите хуманитарни предизвици на нашето време.

Бројот на мигранти на глобално ниво значително се зголеми во последната деценија и се очекува да продолжи да расте како резултат на конфликти, сиромаштија и недостаток на квалитетни можности за вработување. Климатската криза и загадувањето на животната средина се повеќе ги принудуваат луѓето да го менуваат местото на своето живеење. Тоа доведува до ризици од експлоатација и злоупотреба од страна на трговците со луѓе и други криминални групи, како и лишувања од слобода предизвикани од политики кои го ограничуваат пристапот до основните услуги и нега. Ризиците се зголемуваат за лица без државјанство и за оние кои немаат официјален доказ за идентитет.

Нашата работа за поддршка на луѓето во движење се фокусира на спасување животи и спречување на страдање на луѓето. Им помагаме на луѓето да се справат со ризиците и предизвиците како резултат на миграции и работиме на заштита и враќање на нивното достоинство. Нашето Движење не ги поттикнува ниту ги обесхрабрува миграциите. Пристапот ни е единствен и строго хуманитарен во согласност со нашите Основни Принципи. Нашиот широк хуманитарен мандат и долгогодишна посветеност да работиме со мигрантите без разлика на правниот статус значи дека ние се фокусираме на намалување на ранливоста и задоволување на приоритетните потреби на овие лица. Уживајќи го статусот на помошник на властите во хуманитарната сфера имаме можност за дијалог со институциите со цел да ја обезбедиме потребната грижа за мигрантите и заштита на нивните права и достоинство. Благодарение на нашата волонтерска мрежа, ние сме дел од нашето социјално опкружување и заедници што значи дека може да помогнеме во зајакнувањето на интеграцијата и социјална инклузија и справувањето со дискриминација.

Нашиот фокус во текот на следните пет години ќе биде да осигуриме сите луѓе што мигрираат да бидат безбедни и да се третираат хумано и со достоинство и да се осигури сите луѓе да ја добијат потребната поддршка за да напредуваат во инклузивно општество. Ќе работиме на обезбедување поддршка за промовирање на заштита на ранливите групи, жени, деца, лица со посебни потреби и баратели на азил. Ќе се заложуваме за подоследна акција на полето на миграциите преку разбирање на потребите на мигрантите и обезбедување соодветен одговор на нивните потреби. Преку својата хуманитарна работа Црвениот крст на РСМ ќе се вклучи во активности кои ќе придонесат за заштитата на мигрантите преку обезбедување хуманитарна поддршка за лицата кои се во движење, поддршка за притворените мигранти, воспоставување на семејни врски за разделени семејства и поединци, активности со лица кои може да бидат предмет на трговија со луѓе, обезбедување правна поддршка и активности за информирање и застапување и социјално вклучување. Дел од овие специјализирани програми ќе ги имплементираме во партнерство со надлежните институции и Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната Федерација на ЦК/ЦК согласно со нивните специфични мандати.

Ќе се стремиме во нашите програми да им обезбедиме на мигрантите, вклучително и ирегуларните мигранти значителен пристап до помош, информации и упатувања до други услуги на клучните точки на миграциските рути или во областите со голема популација на мигранти, со цел тие да бидат подобро информирани за нивните права и потенцијални ризици, со цел своите одлуки да ги носат доброволно, безбедно, со сите потребни информации за да се ублажат потенцијалните ризици. Кога тоа ќе е можно ќе ги вклучиме мигрантите во нашата служба или како волонтери.

Во рамки на нашите активностите ќе инкорпорираме активности за зајакнување на отпорноста на заедниците во областите со високо ниво на миграција за да можат заедниците да се опорават од кризи и да се подготват за надминување на потенцијални ризици. Ќе се грижиме мигрантите да се чувствуваат прифатени и вклучени во заедниците и да имаат значајна и постојана интеракција со локалното население преку активности за градење доверба, разбирање и емпатија за мигрантите.

Во соработка со Меѓународната Федерација ќе обезбедуваме обука за обезбедување на сеопфатни услуги за мигрантите, вклучително и мапирање и процена на потреби и обезбедување на сеопфатна поддршка за нивните приоритетни потреби. Ќе инвестираме во унапредување на соработката со други национални друштва за да се обезбеди колективен одговор на потребите на мигрантите. Посебен акцент ќе ставиме на надградба на капацитетите на нашите општински организации на Црвен крст, особено на одговорните вработени лица и волонтери со цел да може да одговориме на сите предизвици поврзани со миграциите. Ќе работиме на продлабочување на дијалогот со одговорните институции во државата  во однос на правата и ранливоста на мигрантите. Ќе иницираме дијалог и хуманитарно дипломатски и адвокативни активности на сите нивоа  за правата и потребите на мигрантите и улогата на институциите во обезбедување на поддршка за мигрантите.



# Мониторинг и евалуација на спроведување на процесот Трансформација - 28



Мониторингот и евалуацијата се од клучно значење при спроведување на трансформациските промени и важно е да се вршат во текот на целиот процес. Следењето на напредокот и проценките прелиминарно ќе бидат ограничени на времетраењето на процесот Трансформација-28, но, периодот може да биде продолжен за целите на мониторингот за да се добие посеопфатно разбирање за влијанието на процесот.

Континуираната и ефективна евалуација на напредокот кон постигнување на целите на имплементацијата ќе покаже дали истите се постигнуваат и дали е потребно да се направат прилагодувања во фазата на имплементација. Информациите кои ќе се собираат преку мониторинг и евалуација ќе му обезбедат на раководството показатели за носење на соодветни одлуки за прилагодување и спроведување на процесот „Трансформација-28“ во однос на исполнување на посакуваните цели и зацртани резултати за да се обезбеди организациски раст и успех.

Процесот на промени ќе биде пропратен со практична и применлива методолошка рамка за следење и оценување при што ќе бидат користени квалитативни и квантитативни инструменти за проценка на успешноста на спроведувањето на промените од Трансформација-28. Трансформациските процеси претставени во овој документ се пропратени со петгодишен оперативен план кој инкорпорира активности, временски рамки за имплементација и очекувани резултати. Овие активности ќе бидат во тесна корелација со годишното планирање и индивидуалните оперативни планови на одговорните лица за секоја од програмите на националното друштво. Преку прегледи и анализи ќе се мониторираат активностите содржани во нив со однапред определена фиксна и редовна динамика.







## Нашите очекувања од процесот „Трансформација-28"

- Развивање на поефикасни пристапи во програмското работење преку следење и примена на новини во државата за поддршка и развој на соодветни услуги во заедницата.

- Интегрирање на дигитални решенија во работењето за зајакнување на ефикасност и осовременување на пристапот на дејствување на организацијата.

- Отвореност за промени и прилагодување кон актуелните трендови и политики во општественото опкружување.

- Интерни промени во организациската поставеност за ефикасен и навремен одговор на хуманитарните предизвици.

- Иновативни форми на волонтирање за градење на здраво и безбедно општество.

- Континуирана евалуација на успешноста во нашето работење со цел да детектираме можности за поефикасно натпреварување на нови полиња од интерес за да бидеме поагилна организација.

- Согледување како да ја менуваме и адаптираме нашата агенда за да одговориме на континуираната динамика во надворешното опкружување.

- Дефинирањето на стандарди за успешност поразлични од традиционалниот пејзаж со кој сме опкружени во тековното работење.

- Системско асимилирање на гледиштата на управата, раководството, вработените и волонтерите со цел да ги интегрираме сите вредности и гледишта на нашата организација.

- Нов концепт на лидерството и носење одлуки на национално и локално ниво каде локалните заедници ќе бидат центарот на нашите промени.

- Зголемена ефикасност и подобро планирање со цел да бидеме порелевантни во обезбедувањето на нашите услуги за најранливото население во државата.

- Надградба на нашите капацитети преку одржливи решенија за подобрена функционалност и ефикасност и поширок спектар на можности за задоволување на најитните потреби и ранливи состојби работејќи во согласност со основните принципи, на транспарентен и отчетен начин.

- Активна вклученост на разни општествени чинители во развојните иницијативи на Црвен крст на РСМ.

| | |
|---|---|
| **ИЗДАВАЧ:** | Црвен крст на Република Северна Македонија |
| **ЗА ИЗДАВАЧОТ:** | д-р Саит Саити |

**РАЗВОЈНА РАМКА НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ТРАНСФОРМАЦИЈА – 28”**

| | |
|---|---|
| **Дизајн:** | Мурсел Мазникар |
| **Тираж:** | 400 |
| **Печати:** | Печатница Европа 92 |
| **Година на издавање:** | 2023 |

Црвен крст на Република Северна Македонија сака да изрази посебна благодарност до **Печатница Европа 92** за спонзорирањето и печатењето на оваа публикација.

www.redcross.org.mk